**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 433

**ГОДИНА XXXVIII, Битола, 01.09.2017 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

| | |
|---|---|
| Одговорен уредник | М-р Офелија Христовска<br>Генерален секретар |
| Редакциски одбор | Проф. д-р Виолета Маневска, проректор<br>Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола<br><br>Проф. д-р Светлана Николоска, проректор<br>Факултет за безбедност-Скопје<br><br>Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор<br>Технички факултет-Битола<br><br>Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор<br>Економски факултет-Прилеп<br><br>Д-р Елена К. Ристоска, советник |
| Уредник | Д-р Елена К. Ристоска |

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
“Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ-БИТОЛА**

Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Михајло Илиевски ....................................................................................................................1

**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**

Реферат за избор на наставник од областите: Транспорт и животна средина и Животна средина ......................................................................................................................................2

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

Реферат за избор на наставник во сите научни звања на научната област Вовед во правото (50800), Управно право (50802) и Право на Европска унија (50811)........................................18

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ-БИТОЛА**

Рецензија на ракописот со наслов „Мултимедиски мрежи - основни концепти“, од авторот д-р Зоран Котевски ...............................................................................................31

Извештај од Комсија за оценка на докторкста дисертација на кандидатот м-р Анета Шијакова ..........................................................................................39

Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Душко Петрески ..............................................................................................51

**ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА-БИТОЛА**

Реферат за избор на наставник во научната област Германистика.... …………………..................52

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО**

Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област Меѓународно јавно право ..............................................................................................56

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО**

Рецензија на ракописот “Основни пресметки во анализата и проектирањето во хемиското инежeнерство” од авторите вон. проф. д-р Анка Трајковска-Петкоска, д-р Анита Трајковска–Broach и проф. д-р Верка Мешко ...........................................................................................63

Рецензија на учебното помагало “Збирка задачи по општа хемија” од авторите вонр. проф. д-р Горица Павловска и асс. м-р Везирка Јанкулоска..........................................................................66

Рецензија на учебното помагало “Практикум по општа хемија” од авторите вонр. проф. д-р Горица Павловска и асс. м-р Везирка Јанкулоска .........................................................................69

Одлука за прифаќање наслов на тема за изработка на магистерски труд на кандидатот Билјана Ристеска ..........72

Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Република Македонија
ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА
University "St. Kliment Ohridski" – Bitola, Republic Of Macedonia
FACULTY OF BIOTECHNICAL SCIENCES - BITOLA

Бр. 02-741/2
Дата 21.08.2017 г
БИТОЛА

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование образование (Сл.весник број **35/2008**, 103/08, 26/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12,15/13, 24/13, 41/14, 116/14,130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15 и 30/16, 120/16 и 127/16) и член 58 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, по предлог на Наставничкиот совет за втор циклус студии, Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки-Битола, на седницата одржана на ден 21.08.2017 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

1. Се прифаќа Извештајот на Комисијата за подобност на темата за изработка на магистерскиот труд под наслов: **„Компаративни показатели за репродуктивните карактеристики на нерезите "** од кандидатот **Михајло Илиевски**.

2. Се прифаќа насловот натемата: **„Компаративни показатели за репродуктивните карактеристики на нерезите "**.

3. Насловот на темата да се објави во Билтенот на Универзитетот "Св.Климент Охридски"-Битола.

4. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Примерок од Одлуката да се достави до: кандидатот, досието и архивата.

Подготвил и одбрил:
Љупчо Петровски

Декан
Проф.д-р Љупче Кочоски

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТИТЕ: ТРАНСПОРТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на распишаниот конкурс во дневните весници „Нова Македонија“ и „Koha“ на 25.07.2017 година, за избор на наставник од областите: Транспорт и животна средина и Животна средина, Наставно-научниот совет на Технички факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, на седницата одржана на 22.08.2017 година, со одлука број 02-611/6 од 22.08.2017, формира Рецензентска комисија за избор на наставник, во состав:

1. Ред. проф. д-р Никола Крстаноски, претседател
   Технички факултет Битола

2. Ред. проф. д-р Весна Ангелевска, член
   Технички факултет Битола

3. Ред. проф. д-р Александар Маркоски, член
   Факултет за информатички и комуникациски технологии, Битола

со задача да подготви извештај за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областите: Транспорт и животна средина и Животна средина.

Рецензентската комисија ја разгледа поднесената документација и до Наставно-научниот совет на Технички факултет Битола го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс од Технички факултет Битола, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Koha“ на 25.07.2017 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областите: Транспорт и животна средина и Животна средина, се пријави кандидатката:

1. д-р Бети Анѓелевска, дипломиран сообраќаен инженер, доцент на Технички факултет Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола.

Рецензентската комисија констатира дека приложената документација од кандидатката е комплетна, навремено доставена и во согласност со барањата предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола.

Врз основа на поднесената документација, а во однос на биографијата, наставно-

образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност на кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска, како и резултатите од самоевалуацијата, Рецензентската комисија го констатира следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**БЕТИ АНЃЕЛЕВСКА** е родена на 12.08.1977 год. во Битола. Основно и средно образование (гимназија „Јосип Броз Тито“, природно-математичка насока) завршува во Битола со континуиран одличен успех.

Во учебната 1996/97 год. се запишува на Отсекот за сообраќај и транспорт на Технички факултет Битола. Студиите ги завршува во декември 2001 година, со просечна оценка од **9,0** и со тоа станува дипломиран сообраќаен инженер.

Во учебната 2003/04 год. се запишува на постдипломските студии „Сообраќајно - транспортно планирање и инженерство“ на Отсекот за сообраќај и транспорт на Технички факултет Битола. Предвидените испити на постдипломските студии ги завршува со просечна оценка од **9,7**.

На 12.04.2007 година успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов: „Влијание од издувните гасови од патничките возила на бензин врз животната средина“, со што се стекнува со називот **магистер по сообраќајни науки**.

На 27.11.2012 година, во Технички факултет Битола, јавно и успешно ја одбранува докторската дисертација под наслов „Интегрален систем за поддршка на одлучувањето (DSS) при проценка на влијанието од сообраќајот врз квалитетот на воздухот“, под менторство на ред. проф. д-р Александар Маркоски, со што ги исполнува условите за здобивање на научен назив **доктор на науки од областа на техничките науки**.

Прво вработување на Бети Анѓелевска во редовен работен однос е на Технички факултет Битола во 2007 година, каде што е и моментално вработена како доцент.

Во својот досегашен работен стаж има континуирано и активно учество во наставно-образовниот, научно-истражувачкиот и апликативниот процес, што се потврдува преку: наставните активности, истражувачките престои, студиските престои (докторски и постдокторски), објавените трудови, учествата на меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси, учествата во меѓународни и домашни проекти и изработката на елаборати, студии и други стручни апликации.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, за што има и TOEFL Certificate, како и со повеќе компјутерски апликативни програми. Член е на програмски и организационен одбор на две меѓународни конференции, како и член на уредувачкиот одбор на едно меѓународно списание. Во својата досегашна работна ангажираност има остварено повеќе студиски и истражувачки престои во Грција, Шведска, Бугарија и Холандија.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Бети Анѓелевска ја започнува наставно-образовната дејност во учебната 2000/01 год., кога како студент-апсолвент е ангажирана за демонстратор на Технички факултет Битола, на Отсекот за сообраќај и транспорт, по предметот Сообраќајно планирање.

Во учебната 2002/03 и 2003/04 година работи како помлад асистент на определено време, изведувајќи вежби по предметите: Безбедност на сообраќајот I и Безбедност на сообраќајот II.

Во периодот од 2005-2007 година ги одржува вежбите по предметите: Техничка експлоатација на моторни возила, Јавен градски патнички превоз, Градски превоз I и Еколошки возила.

Со одлука број 02-555/4 на Наставно-научниот совет при Технички факултет Битола, донесена на седницата одржана на 01.10.2007 година, е избрана за асистент од областите: Средства за јавен превоз, Моторни возила и Животна средина (Билтен бр. 298 од 04.09.2007 година).

Со одлука број 02-404/6 на Наставно-научниот совет при Технички факултет Битола, донесена на седницата одржана на 08.06.2010 година, е избрана за асистент од областите: Транспорт и животна средина, Одржливи урбани транспортни системи и Експлоатација на моторни возила (Билтен бр. 336 од 03.05.2010 година).

Со одлука број 02-410/6 на Наставно-научниот совет при Технички факултет Битола, донесена на седницата одржана на 15.05.2013 година, е избрана во звање доцент од областите: Транспорт и животна средина, Животна средина (Билтен бр. 374 од 29.04.2013 година).

На првиот циклус академски студии, започнувајќи од академската 2013/14 година до академската 2016/17 година, односно до моментот на избор во вонреден професор, изведува настава по предметите: Транспорт и животна средина, Вреднување на влијанијата од сообраќајот врз животната средина, Управување и контрола на загадувањето на воздухот од сообраќајот и Моделирање на загадувањето на воздухот од сообраќајот. Овие предмети се вклучени во сите три студиски програми во тој период на Отсекот за сообраќај и транспорт.

Во текот на наставно-образовниот процес, доц. д-р Бети Анѓелевска била член на комисии за одбрана на дипломски работи. На вториот циклус академски студии била член на комисија за оценка и одбрана на магистерска работа.

Во изведувањето на наставниот процес и во пренесувањето на стекнатите знаења и стручните искуства покажува одговорност и посветеност, како и стремеж за осовременување на наставата со следење на тековните промени во областите во кои работи. Непосредно по докторирањето, посебно внимание посветува на сопствената научна и стручна надградба, која ја постигнува благодарение на 6-месечниот

постдокторски истражувачки престој на Твенте Универзитет, Холандија. Знаењата, искуствата и вештините кои ги стекнува, посебно во однос на интеграцијата на географските информациони системи и влијанијата од сообраќајот врз животната средина, кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска ги потврди и ги афирмира преку научно-истражувачките и стручно-апликативните резултати, но истовремено ги вгради и во наставните содржини во претходно наброените предмети.

Резултатите од спроведената самоевалуација, односно резултатите од анкетирањето на студентите за зимски семестар 2016/2017 година, потврдуваат дека студентите позитивно го вреднуваат ангажираниот однос на кандидатката кон наставата и кон другите наставни обврски во реализацијата на наставно-образовната дејност.

## 3. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од почетокот на своето ангажирање на Технички факултет Битола, доц. д-р Бети Анѓелевска активно и континуирано работи на сопственото напредување во доменот на научно-истражувачката дејност.

Во текот на своето работно ангажирање, а во насока на професионална надградба, ги има остварено следните престои:

- **01.06.2007 - 30.06.2007**, Chemical Process Engineering Research Institute – CPERI, Солун, Грција (размена на истражувачи во програмата Intereg III A, проект меѓу Грција и Р. Македонија: „Development of a knowledge network of educational and research Institutes active in environmental issues for the development of a common cooperation framework for the harmonization with EU legislation and knowhow transfer")
- **17.08.2010 – 16.02.2011**, Сообраќај & Патишта, Отсек за технологија, Лунд Универзитет, Лунд, Шведска (стипендија за докторски студиски престој од програмата Erasmus Mundus, проект Basileus)
- **29.08.2011 – 04.09.2011**, Охрид (Македонија) – Банско (Бугарија), Балканска патувачка летна школа - "Professional skills development of doctoral candidates: PhD for industry or academia?", организирана од Сантандер групацијата на мрежата на универзитети во Европа и Централно-европската иницијатива
- **09.09.2013 – 28.02.2014**, Твенте Универзитет, Холандија, Факултет за гео-информациски науки и опсервација на земјата, **постдокторски истражувачки период**, стипендиски грант од програмата Erasmus Mundus SIGMA "Critical skills learning for innovation, sustainable growth, mobility and employability in the multicultural environment of the Western Balkans".

Постдокторскиот престој придонесе за успешно професионално профилирање и за стекнување на нови знаења и искуства во доменот на областите во кои работи и во кои се избира, потребни за истражување и решавање на научни и стручни проблеми и осовременување на предметните содржини.

Покрај магистерскиот труд и докторската дисертација, резултатите од истражувањата ги има објавено во 40 научни и стручни трудови, како автор и коавтор, публикувани во меѓународни списанија и презентирани на меѓународни конференции, конгреси и симпозиуми.

*Објавени научни и стручни трудови во периодот до изборот за доцент*

1. **Angelevska, B.**, Informiranje korisnika javnog prijevoza u realnom vrijemenu implementiranjem GPS/AVL tehnologije, XII International scientific symposium "Transport systems management", Opatija, Croatia, April 21-22, 2005, (journal: Suvremeni promet, Vol. 25, No. 5, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2005, pp. 337-341).
2. **Angelevska, B.**, Sustavi naplate i informiranja u realnom vremenu na parkiralištu na trgu Goce Delčeva u Bitolju, XIII International scientific symposium "Transport systems", Opatija, Croatia, April 26-27, 2006, (journal: Suvremeni promet, Vol. 26, No. 6, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2006, pp. 461-465).
3. Mikarovska, V., **Angelevska, B.**, Air pollution from motor vehicles, XIII International scientific-technical conference "Trans&MOTOAUTO'06", Varna, Bulgaria, October 25-28, 2006, Proceedings, Vol. 2, pp. 136-139.
4. **Angelevska, B.**, Mikarovska, V., Compliance assessment of national legislation on environmental protection in the Republic of Macedonia and european legislation on passenger petrol cars exhaust emissions, XIV International scientific symposium "Transport systems", Opatija, Croatia, April 19-20, 2007, (journal: Suvremeni promet, Vol. 27, No. 6, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2007, pp. 554-558).
5. **Angelevska, B.**, Measures for reduction of negative environmental impacts from motor vehicles exhaust emissions, XV International scientific symposium "Transport systems", Opatija, Croatia, April 17-18, 2008, (journal: Suvremeni promet, Vol. 28, No. 6, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2008, pp. 379-383).
6. **Angelevska, B.**, Measurements for reduction of negative environmental impacts from motor vehicles exhaust emissions, TRA - Transport Research Arena Europe 2008, Ljubljana, Slovenia, April 21-24, 2008, Proceedings abstracts: Greener, safer and smarter road transport for Europe, ISBN 978-961-6527-11-8 (DRC), paper No. 11.1.11, pp. 270.
7. Mikarovska, V., **Angelevska, B.**, Development of national legislation in Republic of Macedonia according to European legislation for passenger petrol cars exhaust emissions, XV International scientific-technical conference "Trans&MOTOAUTO'08", Sozopol, Bulgaria, September 18-20, 2008, Proceedings, ISSN 1313-5031, Vol. 3, pp. 60-64.
8. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Dispersion models for air pollution from exhaust emissions, 16$^{th}$ International symposium on electronics in transport - ISEP, Ljubljana, Slovenia, October 9-10, 2008, Proceedings: ITS – a condition for sustainable development and prosperity of a modern and safe transport, G1.

9. **Angelevska, B.**, Mikarovska, V., Air quality improvement through implementation of different measures, 28th Conference on transportation system with international participation "Automation in transportation 2008", Croatia-Slovenia, November 19-21, 2008.

10. Микаровска, В., **Анѓелевска, Б.**, Усогласеност на законодавствата на Република Македонија и ЕУ во областа на издувни емисии од моторните возила, Хоризонти, Година III, број 3, ISSN 1857-6206, удк 629.113:504.3.054:34(497.7), Универзитет „Св Климент Охридски", Битола, Р. Македонија, декември 2008, стр. 51-60.

11. **Angelevska, B.**, Measures for reduction of negative environmental impacts from motor vehicles exhaust emissions, Journal Transport theory and practices: Modern traffic, Vol. 28, Special issue, ISSN 0351-1898, Publisher: Institutes for mechanical engineering, University of Mostar, Bosnia and Herzegovina, December 15, 2008, pp. 52-56.

12. **Angelevska, B.**, Mikarovska, V., Air pollution from vehicle exhaust emission – what can we do for its reduction, VIII Scientific Conference – "Telematics, logistic and transport safety TLTS'08", Katowice – Cieszyn, Poland, October 16-18, 2008, Proceedings, Vol. 3, summary pp. 324.

13. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Air quality management system for air pollution assessment, 17th International symposium on electronics in traffic - ISEP, Ljubljana, Slovenia, March 26, 2009, Proceedings: Sustainable transport and mobility, R8.

14. **Angelevska, B.**, Markovski, A., Air quality assessment based on GIS as a decision support tool, XVI International scientific symposium "Transport systems", Opatija, Croatia, April 23-24, 2009, (journal: Suvremeni promet, Vol. 29, No. 3-4, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2009, pp. 261-264).

15. **Angelevska, B.**, Mikarovska, V., Do bolje kvalitete zraka osuvremenjivanjem nacionalne strategije Republike Makedonije, XVI International scientific symposium "Transport systems", Opatija, Croatia, April 23-24, 2009, (journal: Suvremeni promet, Vol. 29, No. 3-4, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2009, pp. 257-260).

16. **Angelevska, B.**, Mikarovska, V., Sustainable urban transport solutions towards better air quality, 2nd Conference with international participation "Modern tendencies of improving traffic in cities", Novi Sad, Serbia, October 15-16, 2009, Proceedings, ISBN 978-86-7892-541-2, UDK:656/504, pp. 3-9.

17. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Decision making through integrated system for air quality assessment, International virtual journal for science, technics and innovations for the industry: MTM Machines, Technologies, Materials, year III, issue 11-12, ISSN 1313-0226, Publisher: Scientific technical union of mechanical engineering, Sofia, Bulgaria, 2009, pp. 15-17.

18. **Анѓелевска, Б.**, Маркоски, А., Интегрален систем за поддржано одлучување при проценка на квалитетот на воздухот, Научен собир "Техниката и техничките науки услов за современ одржлив развој на општеството и општината Битола", Зборник на трудови, ноември 26, 2009, Битола, Република Македонија.

19. **Анѓелевска, Б.**, Микаровска, В, Изградба на национална стратегија за почист урбан сообраќај, Хоризонти, Година V, број 5, ISSN 1857-6206, удк

504.5/.7:656.1(497.7), Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, Р. Македонија, декември 2009, стр. 29-38.

20. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Estimation methods for road transport emissions: A review, 18th International symposium on electronics in traffic - ISEP, Ljubljana, Slovenia, March 29, 2010, Proceedings: The role of ITS in the near future, R12.
21. Krstanoski, N., Atanasova, V., **Angelevska, B.**, Public transport on-call in the town of Bitola – possibilities for implementation, Third international conference “Towards a humane city”, Novi Sad, Serbia, October 27-28, 2011, Proceeding, ISBN 978-86-7892-541-2, pp. 83-89.
22. Krstanoski, N., Atanasova, V., **Angelevska, B.**, Toward sustainability in urban transport through development of cycling in the city of Skopje, Third international conference “Towards a humane city”, Novi Sad, Serbia, October 27-28, 2011, Proceeding, ISBN 978-86-7892-541-2, pp. 179-185.
23. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Calculation of urban transport emissions: a case study for the town of Bitola, 31st Conference on transportation systems with international participation “Automation in transportation 2011”, Pula/Croatia-Milano/Italy, November 15-20, 2011, Proceeding, pp. 7-12.

*Објавени научни и стручни трудови во периодот после изборот во доцент*

24. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Urban transport and air quality – case study for the town of Bitola - part I, Fourth international conference “Towards a humane city”, Transport in cities in Southeastern Europe, Novi Sad, Serbia, October 24-25, 2013, Proceedings, ISBN 978-86-7892-541-2, pp. 235-241.
25. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Urban transport and air quality – case study for the town of Bitola - part II, Fourth international conference “Towards a humane city”, Transport in cities in Southeastern Europe, Novi Sad, Serbia, October 24-25, 2013, Proceedings, ISBN 978-86-7892-541-2, pp. 243-249.
26. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Building an air quality management system – approaches and challenges, International may conference on strategic management, Bor, Serbia, May 23-25, 2014, Book of Proceedings, ISBN: 978-86-6305-019-8, pp. 349-356.
27. **Angelevska, B.,** Markoski, A., The role of urban vehicle fleet technology in exhaust emission amount – example of Bitola town, XIII European Transport Congress “European Union transport: demand meeting supply”, Zagreb, Croatia, April 23-24, 2015, (journal: Suvremeni promet, Vol. 35, No. 3-4, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2015, pp. 222-226).
28. **Angelevska, B.**, Atanasova, V., Sustainability and urban transport in Bitola town: approaching options, Fifth international conference “Towards a humane city”, Urban transport 2030 – Mastering change, Novi Sad, Serbia, November 5-6, 2015, Proceedings, ISBN 978-86-7892-541-2, pp. 369-375.

29. **Angelevska, B.,** Towards safe and sustainable urban transport in Macedonia, XXIII International transport symposium "Transport systems 2016", Zagreb, Croatia, April 28-29, 2016, (journal: Suvremeni promet, Vol. 36, No. 1-2, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2016, pp. 92-96).
30. **Angelevska, B.**, Atanasova, V., Monitoring program for non-motorized transport in the city of Skopje, International journal for science, technics and innovations for the industry: MTM Machines, Technologies, Materials, year X, issue 4, ISSN 1313-0226, Publisher: Scientific technical union of mechanical engineering, Sofia, Bulgaria, 2016, pp. 59-62.
31. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Potential of open source GIS for management of traffic air pollution, First International Conference "Transport for today's society", Bitola, Macedonia, May 19-21, 2016, Proceedings, ISBN 978-9989-786-79-2, UDC 502.3:504.5]:656(497.774), pp. 125-134.
32. **Angelevska, B.**, Atanasova, V., Smart urban transport for the city of the future, International journal for science, technics and innovations for the industry: MTM Machines, Technologies, Materials, year X, issue 8, Print ISSN 1313-0226, Web ISSN 1314-507X, Publisher: Scientific technical union of mechanical engineering, Sofia, Bulgaria, 2016, pp. 16-19.
33. **Angelevska, B.**, Markoski, A., Potential of open source GIS for management of traffic air pollution, International Scientific Journal Horizons, Series B, year X, Volume 3, ISSN 1857-9892, DOI 10.20544/HORIZONS.B.03.1.16.P19, UDC 502.3:504.5]:656(497.774), December 2016, pp. 187-197.
34. **Angelevska, B.**, Atanasova, V., Smart choices in urban travel for sustainable future, International Scientific Journal Horizons, Series B, year X, Volume 3, ISSN 1857-9892, DOI 10.20544/HORIZONS.B.03.1.16.P02, UDC 656.13.02:711.7(497.774), December 2016, pp. 17-25.
35. **Angelevska, B.**, Atanasova, V., Urban transport planning as a support to air pollution control, International journal for science, technics and innovations for the industry: MTM Machines, Technologies, Materials, year XI, issue 2, ISSN Print 1313-0226, ISSN Web 1314-507X, Publisher: Scientific technical union of mechanical engineering, Sofia, Bulgaria, 2017, pp. 70-73.
36. Krstanoski, N., Atanasova, V., **Angelevska, B.**, Advancement of public transport service in Bitola, TEM Journal – Journal of association for information communication technology education and science, 6(1), ISSN: 2217-8309, eISSN: 2217-8333, DOI:10.18421/TEM61-08, Publisher UIKTEN, Serbia, February 2017, pp. 53-63, (Accession number: WOS:000397267800008).
37. Atanasova, V., **Angelevska, B.**, Krstanoski, N., Calculation of transport demand by applying software Package PTV Vision VISUM, International journal for science, technics and innovations for the industry: MTM Machines, Technologies, Materials, year XI, issue 3, ISSN Print 1313-0226, ISSN Web 1314-507X, Publisher: Scientific technical union of mechanical engineering, Sofia, Bulgaria, 2017, pp. 137-140.
38. **Angelevska, B.,** Arapinoski, B., The e-challenge in upgrading urban vehicle fleet, XXIV International transport symposium "Transport systems 2017", Zagreb, Croatia, April 27-

28, 2017 (journal: Suvremeni promet, Vol. 37, No. 3-4, ISSN 0351-1898, Publisher HZDP, Zagreb, Croatia, 2017, pp. 143-146).

39. Angelevska, V., Stojanovski, V., Dimitrieska, C., Stavreva, S., **Angelevska, B.**, Automobile compression ignition engines pollution, XXV International scientific conference on transport, road-building, agricultural, hoisting & hauling and military technics and technologies "Trans&MOTOAUTO", Burgas, Bulgaria, June 28 – July 1, 2017, Proceedings, year I, Vol. 2, ISSN 1313-5031 (Print), ISSN 2535-0307 (Online), pp. 194-197.

40. **Angelevska, B.**, Atanasova, V., Stojanovski, V., Angelevska, V., On the path to renewable fuels in road transport, VI International symposium of young researchers "Transport problems", Katowice, Poland, June 26, 2017, Proceedings, ISBN 978-83-945717-4-0, pp. 679-685.

*<u>Учество на симпозиуми, конференции и форуми во периодот до изборот за доцент</u>*

1. XII International scientific symposium "Transport systems management", Opatija, Croatia, April 21-22, 2005.
2. Balkan conference about asbestos, Ohrid, Macedonia (activity in the project funded by European Union: Capacity building for banning and phasing out asbestos in West Balkan countries), June 18-20, 2010.
3. CIVITAS Forum "Sustainable mobility and growth...achieving both", Annual conference, Malmo, Sweden, September 27-29, 2010.
4. Clean urban transport solutions for accession, pre-accession countries and the Western Balkans, 5-th RENAISSANCE Event – FP7 Project, Skopje, Macedonia, September 7, 2011.
5. Third international conference "Towards a humane city", Novi Sad, Serbia, October 27-28, 2011.
6. "Интегриран одржлив менаџмент на околината со користење на систем за поддршка на одлучувањето", Македонско-албански форум, Битола, Р. Македонија, 10.11.2011.

*<u>Учество на симпозиуми, конференции, конгреси и семинари во периодот после изборот за доцент</u>*

7. Fourth international conference "Towards a humane city", Transport in cities in Southeastern Europe, Novi Sad, Serbia, October 24-25, 2013.
8. International may conference on strategic management, Bor, Serbia, May 23-25, 2014.

9. XIII European Transport Congress “European Union transport: demand meeting supply”, Zagreb, Croatia, April 23-24, 2015.
10. EUROXESS Researchers in motion, организиран караван низ Европа (Blue tour bus) за промовирање, дисеминација и проширување на поддршката за студентите и истражувачите на мобилност, втор семинар, Скопје, Македонија, 26.10.2015.
11. Fifth international conference “Towards a humane city”, Urban transport 2030 – Mastering change, Novi Sad, Serbia, November 5-6, 2015.
12. XXIII International transport symposium “Transport systems 2016”, Zagreb, Croatia, April 28-29, 2016.
13. First International Conference “Transport for today’s society”, Bitola, Macedonia, May 19-21, 2016.
14. XXIV International transport symposium “Transport systems 2017”, Zagreb, Croatia, April 27-28, 2017.
15. VI International symposium of young researchers “Transport problems”, Katowice, Poland, June 26, 2017.
16. XXV International scientific conference on transport, road-building, agricultural, hoisting & hauling and military technics and technologies “Trans&Motoauto”, Burgas, Bulgaria, June 28 - July 1, 2017.

Кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска е член на организациониот[1] и програмскиот[2] одбор на две меѓународни конференции:

[1]International conference “Transport for today’s society”

[2]International scientific conference “Trans&MOTOAUTO”.

Освен на конференции, таа е член на уредувачкиот одбор на едно меѓународно списание: International scientific journal Trans&MOTOAUTO WORLD, ISSN Print 2367-8399, ISSN Web 2534-8493, Publisher Scientific technical union of mechanical engineering “Industry 4.0”, Sofia, Bulgaria.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Доцент д-р Бети Анѓелевска има остварено резултати и во стручно-апликативната област, со учество во проекти, изработка на проектни извештаи, изработка на експертизи, студии и други стручни апликации, објавување на стручни трудови во интерниот Зборник на Технички факултет Битола, како и учество на работилници.

*Учество во проекти во периодот до изборот за доцент*

1. Seventh framework programme of European commission, FP7, **Testing of innovative strategies for clean urban transport in European historical cities**, Project acronym RENNAISANCE, Grant agreement no. 21912, Project coordinator Municipality of Perugia, Partner institution University "St. Kliment Ohridski" Bitola, 15.09.2008 - 15.09.2012, (член на тим).
2. **Сообраќајна студија на град Битола**, главен проект, Договор бр. 08-1124/1 од 03.06.2010**,** договорни страни Општина Битола и Технички факултет Битола, 2010-2011, (член на тим).
3. INTERREG IIIA, **Development of a knowledge network of educational and research institutes active in environmental issues for the development of a common cooperation framework, for the harmonization with EU legislation and know-how transfer,** Faculty of Technical Sciences, St. Kliment Ohridski University - Bitola/ CPERI-CERTH, Thessaloniki, Greece, October/2006 – October/2007, (размена на истражувачи).

*Учество во проекти во периодот после изборот за доцент*

4. European cooperation in science and technology, COST program, **European network on new sensing technologies for air-pollution control and environmental sustainability,** Action acronym EuNetAir, COST Action TD1105, 2012-2016, (MC substitute).
5. **Студија за пешачки и велосипедски патеки во Југозападен плански регион**, Нарачател: Центар за развој на Југозападен плански регион, Извршител: Технички факултет Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, договор бр. 0205-31/$^{3}$ од 13.05.2014, Битола, септември 2014, (член на тим).
6. **Студија за развој на сообраќајот во Гостивар: период 2015-2030 година**, Техничка документација, Технички број 45-43/14, Инвеститор: Општина Гостивар, Извршител: Д.О.О. „Есперанца“ Битола, договор број 0701-22 од 02.03.2015 година, Битола, 2016, (член на тим).

*Учество во изработката на проектни извештаи и стручни апликации во периодот до изборот за доцент*

1. Toth-Szabo, Zs., Várhelyi, A., Hiselius, L., Koglin, T., **Angjelevska, B.**, Measuring sustainability of transport in the city – development of an indicator-set. Bulletin 261, Traffic & Roads, Department of Technology and Society, Lund University, Lund, Sweden, 2011.

2. Анализа и предлог за распределба на парични средства од превоз на ученици во патниот сообраќај на подрачјето на град Скопје помеѓу ЈСП „Скопје“, „Слобода превоз“ и „Мак-експрес“, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Технички факултет Битола, Отсек за сообраќај и транспорт, јануари 2010, (член на тим).
3. План за одржлив транспортен систем на градот Скопје, FP7 Project RENAISSANCE – Testing Innovative Strategies For Clean Urban Transport For Historic European Cities, Технички факултет Битола, март 2011 (член на тим).
4. Атанасова, В., **Анѓелевска, Б.**, Идејни решенија во јавниот градски патнички превоз во град Битола, Сообраќајна студија на град Битола, пилот проект 5, мај 2011.
5. Маркоски, А., **Анѓелевска, Б.**, Оценка на влијанијата од сообраќајот врз животната средина, Сообраќајна студија на град Битола, пилот проект 8, мај 2011.

*Учество во изработката на проектни извештаи и стручни апликации во периодот после изборот за доцент*

6. Студија за пешачки и велосипедски патеки во Југозападен плански регион, Нарачател: Центар за развој на Југозападен плански регион, Извршител: Технички факултет Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, договор бр. 0205-31/[3] од 13.05.2014, Битола, септември 2014, (член на тим).
7. Студија за развој на сообраќајот во Гостивар: период 2015-2030 година, Техничка документација, Технички број 45-43/14, Инвеститор: Општина Гостивар, Извршител: Д.О.О. „Есперанца“ Битола, договор број 0701-22 од 02.03.2015 година, Битола, 2016 (член на тим).

*Учество во изработката на сообраќајно-технички вештачења и експертизи за сообраќајни незгоди*

- во периодот до изборот за доцент: како вешто лице и член на работна група за изработка на сообраќајно-технички вештачења и експертизи, има изработено 49 вештачења и експертизи на сообраќајни незгоди
- во периодот после изборот за доцент: како вешто лице и член на работна група за изработка на сообраќајно-технички вештачења и експертизи, има изработено 5 вештачења и експертизи на сообраќајни незгоди.

*Учество на работилници*

1. Технолошки парк Битола, Министерство за финансии и град Битола, Проекти за социо-економски развој од поголем размер, Компонента 1: **Техничка помош за физибилити студија за развој на технолошки парк во Битола**, EU-финансиран проект менаџиран од Европската Агенција за Реконструкција, Битола, Република Македонија, 2003.
2. Intereg III A програма, Грција - Р. Македонија, „Development of a knowledge network of educational and research Institutes active in environmental issues for the development of a common cooperation framework for the harmonization with EU legislation and knowhow transfer“, **Laboratory methods for air pollution control**, 16-19 мај 2007, Солун, Грција.
3. Seventh framework programme of European commission, FP7, Testing of innovative strategies for clean urban transport in European historical cities – RENNAISANCE, Конзорциум состанок и работилница – **A way to sustainable development of our cities**, Велико Трново, Бугарија, 9-12 март 2010, (презентација под наслов: First SUTP in Macedonia – lessons learnt).
4. Seventh framework programme of European commission, FP7, „Transport EU-Western Balkan Network for Training, Support and Promotion of Cooperation in FP7 research activities - TransBonus”, Работилница **„2nd National Ideas Generation Event“**, Машински факултет – Скопје, Р. Македонија, 16.04.2010, (презентација на предлог-проект за FP7 програмата под наслов: Decision support system for assessment of road transport influences on air quality DESUS-ARTIQ).
5. Seventh framework programme of European commission, FP7, „Transport EU-Western Balkan Network for Training, Support and Promotion of Cooperation in FP7 research activities - TransBonus”, **Workshop for project proposal development for FP7 programme – Sustainable Surface Transport**, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, July 07-09, 2010.
6. Seventh framework programme of European commission, FP7, Testing of innovative strategies for clean urban transport in European historical cities – RENNAISANCE, Annual review meeting, Brussels, Belgium, February 23-24, 2012.
7. **Inception workshop for transport sector work under the green growth and climate change programme in Macedonia**, The World Bank Country Office, Skopje, Macedonia, May 22, 2012.

*Објавени трудови во интерен Зборник на трудови на Технички факултет Битола*

1. **Анѓелевска, Б.**, Атанасова, В., Јавен градски превоз во Битола – состојба и препораки за подобрување на услугата, Универзитет „Св. Климент Охридски“

Битола, Технички факултет Битола, Зборник на трудови, ISBN 978-9989-786-86-0, 2011.

2. **Анѓелевска, Б.**, Патниот сообраќај и ефектот на стаклена градина, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Технички факултет Битола, Зборник на трудови, ISBN 978-9989-786-86-0, 2012.
3. **Анѓелевска, Б.**, Маркоски, А., Структурни компоненти во системот за поддржано одлучување при проценка на квалитетот на воздухот, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Технички факултет Битола, Зборник на трудови, ISBN 978-9989-786-86-0, 2013.
4. **Анѓелевска, Б.**, Категоризација на влијанијата од сообраќајот во животната средина, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Технички факултет Битола, Зборник на трудови, ISBN 978-9989-786-86-0, 2014.
5. **Анѓелевска, Б.**, Преглед на технологиите за контрола и редукција на издувните емисии кај возилата на бензин, Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, Технички факултет Битола, Зборник на трудови, ISBN 978-9989-786-86-0, 2015.

## 5. ОЦЕНКА ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

Резултатите од самоевалуацијата се добиваат со статистичка обработка на одговорите на прашањата од студентската анкета за оценување на наставно-образовната дејност на академскиот кадар на прв циклус студии.

Резултатот од последната спроведена самоевалуација, односно резултатот од анкетирањето на студентите за зимски семестар 2016/2017 година (анкетирани 9 студенти за наставникот), покажува дека севкупниот работен ангажман на наставникот доц. д-р Бети Анѓелевска е оценет со средна оценка 3,82.

Во продолжение детално се дадени поединечните резултати од анкетата:

1. *Квалитет на наставата*: наставникот е соодветно подготвен за реализација на наставата (3,89); за време на наставата, наставникот е посветен и предизвикува интерес кај студентите (3,78); наставникот користи современи методи на наставна работа (3,89); наставникот ги мотивира и вклучува студентите во наставниот процес (3,78); наставникот стимулира дополнителни активности на студентите (3,89); дополнителните активности се во функција на зголемување и проширување на знаењата од предметот (3,89); наставникот го реализира предвидениот фонд на часови (4,00); наставникот обезбедува соодветна основна и дополнителна литература (3,89); наставникот применува современи технологии во реализацијата на наставата (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др.) (4,00).
2. *Однос кон студентите*: личната култура и односот на наставникот се на соодветно ниво (3,78); наставникот е отворен и достапен за консултации и соработка со студентите (3,67).

3. *Оценување на студентите*: испитните/колоквиумските прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература (3,67); содржината и структурата на испитните/колоквиумските прашања овозможуваат објективно оценување (3,67); оценката е одраз на знаењата и постигнувањата на студентите (3,67).

Рецезентската комисија ги оценува како позитивни поединечните оценки добиени од спроведената анкета, односно позитивно ги прифаќа просечните оценки согласно анкетните критериуми.

Врз основа на извршената самоевалуација, односно последната спроведена студентска анкета за зимски семестар 2016/2017 година, позитивно е оценет севкупниот работен ангажман на кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска.

Според тоа, Рецензентската комисија го оцени за позитивен извештајот од самоевалуацијата за кандидатката во однос на сите три карактеристики во анкетните прашалници: квалитет на наставата, однос кон студентите и оценување на студентите.

## 6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По детално разгледување на приложената документација од кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска и анализа на наставно-образовните, научно-истражувачките и стручно-апликативните активности, се заклучува дека кандидатката има научно-истражувачки потенцијал и потврдена способност за наставно-образовна, наставно-научна и апликативна дејност.

Кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска има научен степен доктор на науки од областа на техничките науки, а докторската дисертација е од областите за кои конкурира за наставник. Во повеќегодишната ангажираност на Технички факултет Битола, во наставно-образовната дејност покажува континуиран напредок во однос на соработничките и наставно-научните звања: започнала со ангажираност како демонстратор, преку помлад асистент, асистент, а моментално работи како доцент.

Континуирано е вклучена во научно-истражувачки активности, со што го потврдува и афирмира своето знаење и компетентност. Редовно учествува на меѓународни конференции, конгреси и симпозиуми и континуирано објавува трудови во меѓународни научни и стручни списанија. Резултатот од тоа се 40 рецензирани научни и стручни трудови од соодветните области, на коишто трудови се јавува како автор и коавтор. Во рамките на стручно-апликативната дејност учествува во реализацијата на меѓународни и домашни проекти, како и во изработката на проектни извештаи, студии, експертизи и други стручни апликации во областите за кои се избира наставник според конкурсот. Во процесот на самоевалуација во анкетите од студентите е позитивно оценета во однос на сите три карактеристики во анкетните прашалници: квалитет на наставата, однос кон студентите и оценување на студентите.

Посебно треба да се истакне постојаната тенденција и мотивираност за континуирана сопствена научна надградба и напредување, за што непосредно по

докторирањето има остварено 6-месечен постдокторски истражувачки престој на Универзитетот Твенте, Холандија. Во текот на овој престој, кандидатката ги надгради своите знаења и вештини од областите во кои се избира, а подоцна и ги потврди преку резултатите од научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност. Истовремено, стекнатите знаења и вештини од постдокторскиот престој ги вгради во наставните содржини во предметите кои ги одржува, со што постигна нивно осовременување.

Организираниот и систематски пристап на кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска кон проблемите од областите на: Транспорт и животна средина и Животна средина, придонесуваат за нејзино професионално профилирање како успешен академски работник со потребните компетенции, вештини и знаења.

Врз основа на сите претходно наведени констатации, а земајќи ја во предвид вкупната научно-образовна, научно-истражувачка и апликативна активност на кандидатката доц. д-р Бети Анѓелевска, дипл. сообр. инж., Рецензентската комисија констатира дека кандидатката во целост ги исполнува пропишаните критериуми предвидени со Законот за високо образование за избор во наставно-научни звања, како и условите предвидени во Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Битола.

Затоа, Рецензентската комисија има чест **да му предложи** на Наставно-научниот совет на Технички факултет Битола, **да ја избере доцент д-р Бети Анѓелевска**, дипл. сообр. инж., за наставник во областите Транспорт и животна средина и Животна средина, во наставно научно звање **вонреден професор.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Ред. проф. д-р Никола Крстаноски, претседател, с.р.
   Технички факултет Битола

2. Ред. проф. д-р Весна Ангелевска, член, с.р.
   Технички факултет Битола

3. Ред. проф. д-р Александар Маркоски, член, с.р.
   Факултет за информатички и комуникациски технологии, Битола

Битола,

24.08.2017

# Р Е Ф Е Р А Т

за избор на наставник во научна област Вовед во правото (50800), Управно право (50802) и Право на Европска унија (50811) **на Факултетот за безбедност –Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за безбедност-Скопје, на седница одржана на 29.6.2017 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научната област Вовед во правото (50800), Управно право (50802) и Право на Европска унија (50811)**, во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Миодраг Мицајков и проф. д-р Владимир Ортаковски. На конкурсот објавен во дневниот весник** „Нова Македонија“ од 17-18 јуни 2017 година **се пријави само кандидатката вон. проф. д-р Наташа Пеливанова.**

Кон пријавата, кандидатката достави: кратка биографија; список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив; диплома за здобивање научен степен доктор на правни науки заверена на нотар; уверение за државјанство; образец кон извештајот за избор во наставно-научни, наставно, наставно-стручно и соработничко звање и позитивна оцена од самоевалуација.

По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р НАТАША ПЕЛИВАНОВА

Вон. проф. д-р Наташа Пеливанова е родена во Скопје на 9.7.1964 година каде го завршила основното и средното образование.

Дипломирала на Правниот факултет при Универзитетот "Кирил и Методиј" во 1986 година со просечен успех 9,39.

Од 1.7.1987 година до 30.4.1987 година работела како приправник во Окружниот суд во Скопје.

Во.1988 година била избрана за помлад асистент на катедрата за кривично право и криминологија на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита во Скопје.

На постдипломските студии, насока – кривично правни науки и криминологија на Правниот факултет при Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје се запишала во 1987/88 година, каде во 1994 година го одбранила магистерскиот труд под наслов

"Мерките за безбедност од медицински карактер задолжително психијатриско чување и лекување во здравствена установа и задолжително лекување на слобода", стекнувајќи се со звање магистер од областа на кривичното право и криминологија.

Во 1994 година на Факултетот за безбедност и општествена самозаштита била избрана во соработничко звање-асистент каде работела до неговото укинување во 1996 година, кога била преземена на работа во Министерството за внатрешни работи.

Во 1995 година го положила и правосудниот испит.

Во 2008 година на Правниот факултет "Јустинијан Први"-Скопје, бранејќи го својот докторски труд под наслов "Управно судската контрола како механизам за заштита на човековите права и слободи", се стекнала со научен степен доктор на правни науки.

На 15 септември 2008 година година била избрана во звањето доцент на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи-Битола, за група предмети од обласа на правните науки, каде работно била ангажирана од 1.10.2008 година.

На 27.12.2012 година на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи-Битола избрана е во звањето вонреден професор во научните области: 50800-Вовед во правото, 50802- Управно право и 50811- Право на Европска Унија.

Од 15.9.2014 година работно е ангажирана на Факултетот за безбедност-Скопје.

## II

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Вон. проф. д-р Наташа Пеливанова на Факултетот за безбедност-Скопје на I циклус студии е ангажирана да ја држи наставата по предметите:

**Вовед во право и уставно право** / студиска програма- Криминалистика
**Правосуден систем** / студиска програма - Криминологија и криминална политика
**Компаративни правосудни системи** / Студиска програма Криминологија и криминална политика

На вториот циклус студии на Факултетот е ангажирана на предметите:

**Човековите права при финансиски контроли и истраги**/студиска програма Безбедност и финансиски контроли

**Кризен менаџмент во управата** / студиска програма Кризен менаџмент

Со одлука на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование е акредитиран **ментор на втор и трет циклус студии.**

**Од моментот на избор во вонреден професор била ангажирана како:**

-Рецензент на Истражувачки проект - Имплементирање на практиката на Европскиот суд за човекови права во Република Македонија: Стразбур дома или Македонија пред Стразбур;
-Член на Комисија за одбрана на дипломски трудови по предметот Управно право;

Член на повеќе Комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови од областа на јавната администрација.

**Во досегашната нејзина научно истражувачка работа автор е на два универзитетски учебници, две скрипти, една монографија како и автор и коавтор на голем број научни и стручни трудови главно објавени во меѓународни и домашни списанија.**

**По изборот за вонреден професор ги објавила следните трудови:**

**Наташа Пеливанова**, Мирјана Ристовска, **Информатичкото општество и принципот на сервисна ориентација на администрацијата,** Хоризонти, Меѓународно научно списание, Универзитет Св. Климент Охридски-Битола, година VIII, бр.8. декември 2012, Битола;

Mirjana Ristovska, **Natasa Pelivanova, The rule of the principle and the effective functioning of democratic institutions,** ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780 Vol.3 (12), DECEMBER (2013) Online available at zenithresearch.org.in 220-**труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Natasa Pelivanova**, Mirjana Ristovska , **Type of Governance judicial control of actual administrative acts in the Republic of Macedonia,,** ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780 Vol.4 (6), JUNE (2014) Online available at zenithresearch.org.in 244 - **труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Natasa Pelivanova**, Mirjana Ristovska, **Control of Legality of Administrative Acts and Protection of Human Rights and Freedoms,** Journal of Law, Policy and Globalization www.iiste.org ISSN 2224-3240 (Paper) ISSN 2224-3259 (Online) Vol.29, 2014

**Natasa Pelivanova,** Mirjana Ristovska, Safeguards for protection of parties in administrative dispute, ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780 Vol.5 (2), FEBRUARY (2015) Online available at zenithresearch.org.in 31- **труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Natasa Pelivanova,** Mirjana Ristovska, **Power and human rights in the case of Republic of Macedonia,** ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research , ISSN 2231-5780 Vol.5 (8), AUGUST (2015), pp. 42-53 Online available at zenithresearch.org.in 42**- труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Natasa Pelivanova,** Cane Mojanoski, Mirjana Ristovska, **Model of organization of administrative and their efficiency, case of the Republic of Macedonia,** ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-578 0 Vol.5 (10), October (2015), pp. 91-103 Online available at zenithresearch.org.in 91**- труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

Cane Mojanoski Phd, full professor at the Faculty of security-Skopje, University St. Kliment Ohridski-Bitola, **Natasa Pelivanova Phd, associate professor at the Faculty of security-Skopje, University St. Kliment Ohridski-Bitola,** Mirjana Ristovska Phd,assistant professor at the Faculty of law-Kicevo, University St. Kliment Ohridski-Bitola, **Features of the corruption in Republic of Macedonia according to the research results 2013-2015,** ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780 Vol.5 (11), NOVEMBER (2015), pp. 70-84 Online available at zenithresearch.org.in 70- **труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Наташа Пеливанова,** Мирјана Ристовска, **Административното судство и неговата организација,** Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет Јустинијан Први-Скопје, Годишник на Правниот факултет Јустинијан Први-Скопје, Скопје,2015

Cane Mojanoski Phd, full professor at the Faculty of security-Skopje, University St. Kliment Ohridski-Bitola, **Natasa Pelivanova Phd, associate professor at the Faculty of security-Skopje, University St. Kliment Ohridski-Bitola, Indicators for level of corruption in certain entitets in Republic of Macedonia ,**ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780 Vol.6 (3), MARCH (2016), pp. 123-139 Online available at zenithresearch.org.in 123- **труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Natasa Pelivanova Phd, associate professor at the Faculty of security-Skopje, Univerzsity St. Kliment Ohridski-Bitola,** Mirjana Ristovska Phd, assistant professor at the Faculty of Law-Kicevo, University St. Kliment Ohridski-Bitola, **The administrative dispute of the full jurisdiction and the protection of the parties rights,** ZENITH International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780 Vol.6 (7), JULY (2016), pp. 8-16 Online available at zenithresearch.org.in 8- **труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Natasa Pelivanova**, Cane Mojanoski, Efficiency indicators of administrative courts in the Republic of Macedonia, ZENITH International Journal of Multydisciplinary Research ISSN

2231-5780 Vol. 7 (5) May (2017), pp. 106-114 Online available at zenithresearch org in 106- **труд во меѓународно научно списание со импакт фактор**

**Наташа Пеливанова**, Мирјана Ристовска, **Правните аспекти на правата на интелектуална сопственост во услови на компаниска конкурентност**, Зборник на трудови од втората меѓународна научна конференција-Современите менаџерски предизвици и организациските науки, Бас Институт за менаџмент, Битола, Бизнис академија Смилевски-БАС, Скопје, Универзитет Булент Еџевит Зонгулдак, Турција, Битола 2013, стр.782-791;

**Natasa Pelivanova Ph.D,** Mirjana Ristovska Ms.C.: **Protection of Consumer Rights - a Challenge for Modern States: the Case of the Republic of Macedonia,** First international scientific conference Promoting human rights:: recent developments, Proceedings, MIT University, Faculty of legal sciences international relation and diplomacy, Skopje, 2013, pp. 181-194,;

**Наташа Пеливанова**, Мирјана Ристовска, **Јавно-приватното партнерство како ефикасен модел за одржлива компаниска конкурентност,** Зборник на трудови од трета меѓународна научна конференција-Современите менаџерски предизвици и организациските науки со предметен фокус-Стратегиски фокусирана организација и одржлива компаниска конкурентност, Битола, 2015;

Mirjana Ristovska MA, **Natasa Pelivanova PhD, The legal framework of the right to asylum in the European union and the Republic of Macedonia- Том 1** Меѓународна научна конференција-Безбедноста како предмет на истражување-пристапи, концепти и политики, International scientific conference-Researching security: approaches, concepts and policies 2-3 June, Ohrid, 2015, Republic of Macedonia, pp 161-175;

Mirjana Ristovska, **Natasa Pelivanova, Proportional pragmatism among the right fo privacy and the public authority in European law of the Republic of Macedonia,** International scientific conference, Contemporary Trends in Social Control of Crime, Volume III, 30-31 May, Ohrid, 2016;

**Natasa Pelivanova,** Mirjana Ristovska, **The functioning of the law in terms of social conflicts,** International scientific conference, Contemporary Trends in Social Control of Crime, Volume I, 30-31 May, Ohrid, 2016;

**Наташа Пеливанова, Основи на правото и уставно право**-универзитетски учебник, Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Факултет за безбедност-Скопје, 2016, стр. 422;

Branko Dimeski, **Natasa Pelivanova**, Mirjana Ristovska, Strategic planning og local development in the Republic of Macedonia with focus on MAKStat datebasa, DOI 10. 29544/HORIZONS .A 19.1.16 P20

**Наташа Пеливанова**, Компаративни правосудни системи-**скрипта,** во фаза на објавување од страна на Факултетот за безбедност-Скопје, 2017, стр.170.

**За одбележување се девете труда објавени во меѓународното научно списание** ZENITH (International Journal of Multidisciplinary Research ISSN 2231-5780) **со импакт фактор 3. 567.**

**Пред изборот во вонреден професор ги има објавено трудовите:**

**( рецензирани во Анекс на Билтен бр. 369 од 11.12.2017 година на Универзитетот Св Климент Охридски-Битола)**

**Пеливанова Наташа**, **Задолжителноста на пресудите донесени во управен спор и нивното дејство,** Зборник на трудови на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи, година I, бр. 1, Битола, 2008;

**Пеливанова Наташа**, **Жалбата во административно-судската постапка,** Зборник на трудови на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи, година II, бр. 2, Битола, 2009;

**Пеливанова Наташа**, **Административно судство**, Битола, 2009;-**универзитетски учебник;**

**Пеливанова Наташа**, **Основи на правото, Битола,** 2010; - **авторизирани предавања;**

**Пеливанова Наташа**, **За значењето на управниот спор со полна јурисдикција,** Зборник на Правниот факултет-Јустинијан Први-Скопје, Скопје, 2010;

**Пеливанова Наташа**, **Специјализираноста на административното судство во Република Македонија,** Хоризонти, Универзитет Св. Климент Охридски-Битола, Година VI, бр. 6, 2010;

**Пеливанова Наташа,** Ристовска Мирјана, **Начелото на сервисна ориентација на администрацијата,** Зборник на Правниот факултет Јустинијан Први-Скопје,Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет-Скопје, 2012;

**Pelivanova, N. and Dimeski, B. 2011. Efficiency of the Judicial System in Protecting Citizens against Administrative Judicial Acts:** The Case **of Macedonia,** ***International Journal for Court Administration,*** **6th Issue, Vol. (3) No.2: 45-52**

**Pelivanova Natasa,** Ristovska Mirjana, **Lawmaking and law application in the Republic of Macedonia and role of administration,** International Journal of Multidisciplinary Research , Zenith, Vol.2 Isue 8, August 2012, ISSN 2231 5780, pg. 75-87,

**Pelivanova Natasa**, **Ristovska** Mirjana, **Information society and public administration in the Republic of Macedonia-legal aspects,** MIT University, Faculty of Management, Annual International Scientific Conference, Global Security and Chalanges of the 21 st Century, June 9, 2012, Makedonski Brod,

**Pelivanova Natasa**,Ristovska Mirjana, **Service oriented public administration in the Republic of Macedonia,** 20-th NISPAcee Annual Conference, Public Administration East and West: Twenty Years of development, Ohrid, 2012

**Пеливанова Наташа**, **Дилемите за организацијата на административното судство во Република Македонија,** Зборник на Правниот факултет - Јустинијан Први во Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Правен факултет Јустинијан Први-Скопје, 2011;

Димески Бранко, **Пеливанова Наташа,** Ристовска Мирјана**, Теоретски и емпириски аспекти на јавната управа во локалните самоуправи во Република Македонија,** Битола, 2011;

**Пеливанова Наташа,** Димески Бранко, **Функционирањето на административното судство во Република Македонија,** Хоризонти, Битола, 2011;

**Пеливанова Наташа,** Мирјана Ристовска**, Информатичкото општество и принципот на сервисна ориентација на администрацијата,** Хоризонти, Универзитет Климент Охридски-Битола, 2012, стр. 51-61;

**(рецензирани во Билтен на Универзитетот св. Климент Охридски-Битола бр. 310 од 1.9.2008 година)**

**Пеливанова Наташа, Некои размисли за смртната казна,** Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право, Безбедност бр.4, 1994;

**Пеливанова Наташа, Примената на некои мерки на безбедност од куративен карактер,** Македонска ревија за казнено право и криминологија бр.2, 1994;

**Пеливанова Наташа**, **За потребата од паралелно постоење на казните и мерките за безбедност,** Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право, Безбедност бр.2,1995;

**Пеливанова Наташа**, **Влијанието на условите за изречување на мерките на безбедност задолжително психијатриско лекување врз правната сигурност на анормалните деликвенти,** Македонска ревија за казнено право и криминологија бр.1-2,1995;

**Пеливанова Наташа, Приказ на монографскиот труд, Социјален и политички профил на политичките партии во Македонија,** Ревија за криминалистика, криминологија и кривично право, Безбедност бр.4,1996;

**Пеливанова Наташа**, **Мерки за безбедост од медицински карактер**, **монографски труд**, Студентски збор, 1996;

**Пеливанова Наташа,Управниот спор како инструмент за заштита на човековите права и слободи низ праксата на Врховниот суд на Република Македонија,** Зборник на Правниот факултет Јустинијан први, Скопје, 2007;

**Пеливанова Наташа**, **Управно судската контрола како механизам за заштита на човековите права и слободи-докторски труд,** 2007.

## III
## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Од изборот за вонреден професор кандидатката д-р Наташа Пеливанова како истражувач зела активно учество во научно-истражувачките проекти:

**Проблемот на премостувањето на малите бизниси и можностите за негово надминување низ синергирањето и тимската работа-** истражувачки проект на Факултет за администрација и менаџирање со информациски системи-УКЛО-Битола;

**Развој и Имплементација на информациски систем за менаџмент на знаење во ФАМИС-**истражувачки проект на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи-УКЛО-Битола.

По изборот за вонреден професор со свои трудови учествувала на повеќе меѓународни научни конференции:

Втора меѓународна научна конференција-Современите менаџерски предизвици и организациските науки, Бас Институт за менаџмент, Битола, Бизнис академија Смилевски-БАС, Скопје, Универзитет Булент Еџевит Зонгулдак, Турција, Битола 2013, **Наташа Пеливанова**, Мирјана Ристовска, **Правните аспекти на правата на интелектуална сопственост во услови на компаниска конкурентност;**

First international scientific conference Promoting human rights:: recent developments, Proceedings, MIT University, Faculty of legal sciences international relation and diplomacy, Skopje, 2013, **Natasa Pelivanova Ph.D,** Mirjana Ristovska Ms.C.: **Protection of Consumer Rights - a Challenge for Modern States: the Case of the Republic of Macedonia;**

Трета меѓународна научна конференција-Современите менаџерски предизвици и организациските науки со предметен фокус-Стратегиски фокусирана организација и одржлива компаниска конкурентност, Битола, 2015, **Наташа Пеливанова**, Мирјана Ристовска, **Јавно-приватното партнерство како ефикасен модел за одржлива компаниска конкурентност;**

Меѓународна научна конференција-Безбедноста како предмет на истражување-пристапи, концепти и политики, International scientific conference-Researching security: approaches, concepts and policies 2-3 June, Ohrid, 2015, Republic of Macedonia,

Mirjana Ristovska MA, **Natasa Pelivanova PhD, The legal framework of the right to asylum in the European union and the Republic of Macedonia- Том 1**;

International scientific conference, 30-31 May, Ohrid, 2016, Mirjana Ristovska, **Natasa Pelivanova, Proportional pragmatism among the right fo privacy and the public authority in European law of the Republic of Macedonia;**

International scientific conference, Faculty of security-Skopje30-31 May, Ohrid, 2016, **Natasa Pelivanova,** Mirjana Ristovska, **The functioning of the law in terms of social conflicts,**;

,Меѓународна научна конференција, Светиклиментовите пораки за етиката, моралот и вредностите, 5 декември 2016, University St. Kliment Ohridski-bitola, Faculty of security-Skopje, International scientific conference, ″St Clements′s messages for ethics, morality and values″, **Natasa Pelivanova**, Mirjana Ristovska, **Justice and Law in modern democratic societies**, Универзитет Св. Климент Охридски-Битола, Факултет за безбедност – Скопје

International scientific conference, Faculty of security-Skopje 4-5 June, Ohrid, 2017, **Natasa Pelivanova,** Mirjana Ristovska, **Higher Administrative Court and its Efficiency, case Republic of Macedonia;**
International scientific conference, Faculty of security-Skopje 4-5 June, Ohrid, 2017, Mirjana Ristovska, **Natasa Pelivanova, Human Rights as Part of Ordre Public (Public Policy) in the European Union Law and the Law of the Republic of Macedonia.**

## IV

## СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во моментов кандидатката вон. проф. д-р Наташа Пеливанова е продекан за настава на Факултетот за безбедност, член е на универзитетската комисија за нормативна дејност при Универзитетот Климент Охридски - Битола; член на Комисијата за наставно научни прашања при Универзитетот Климент Охридски - Битола; член на Комисијата за издавачка дејност на Факултетот за безбедност- Скопје; член на Организационен одбор за одбележување на 40 години од постоење на Факултетот за безбедност-Скопје, а била и член на Комисија за избор на декан на Факултетот за безбедност – Скопје; член на Комисија за избор во звање, претседател на Комисијата за самоевалуација на ФАМИС-Битола; член на Совет на трет циклус докторски студии на ФАМИС – Битола;.

**Оценка од самоевалуација.** Врз основа на спроведената внатрешна евалуација на Факултетот за безбедност-Скопје во 2016 година на првиот циклус на студии од страна на Комисијата за евалуација севкупниот работен ангажман на в**он. проф. д-р Наташа Пеливанова** е оценет со просечна оценка **4 (четири),** изведена од батерија на 15 анкетни

прашања а која се однесува на квалитетот на наставата, односот спрема студентите и оценувањето на студентите.

Согласно извршената евалуација видно е дека кандидатката е соодветно подготвена за квалитетна реализација на предавањата-4,11, за време на наставата е посветена и предизвикува интерес кај студентите-3,63, користи интерактивни методи на наставата-3,86, ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес-3,74, го реализира предвидениот фонд на часови-3,99, дополнителните активности кои ги организира се во функција на зголемување и проширување на знаењата од предметот-3,95, стимулира дополнителна активност за студентите (вклучувајќи ги во истражувања, проекти, изработка на домашна работа, семинарски трудови и други писмени активности, обезбедува соодветна основна и дополнителна литература-4,33, применува современи технологии во реализацијата на наставата (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др -4,01, учебникот/учебното помагало/ скриптата одговара на содржината на предметната програма -4,04, применува современи технологии во реализацијата на наставата (компјутери, софтверска поддршка, информациски бази и др.) - 4,08, личната култура и односот и се на соодветно ниво - 4,25, отворена е и достапна за консултации и соработка со студентите -4,13, испитните/колоквиумските прашања се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература -4,26, содржината и структурата на испитните/колоквиумските прашања овозможуваат објективно оценување - 3,96, оценката е одраз на знаењата и постигнувањата на студентите-3,51.

Согласно извршената евалуација видно е дека кандидатката е позитивно оценета од страна на студентите во однос на начинот на кој го презентира материјалот за време на предавањата, предизвикува интерес кај студентите, користи интерактивни методи на наставата,ги мотивира студентите за вклучување во наставниот процес и вклучува студенти во наставниот процес, го реализира предвидениот фонд на часови, дополнителните активности кои ги презема се во функција на зголемување и проширување на знаењата од предметот, стимулира дополнителна активност kај студентите, применува современи технологии во реализацијата на наставата, отворена е и достапна за консултации и соработка со студентите, испитните/колоквиумските прашања и се во рамките на предметната програма и предвидената основна литература, а овозможува и објективно оценување.

Согласно горе наведеното Рецензионата комисија оценува дека извештајот од самоевалуацијата за кандидатката е позитивен.

# V

# ЗАКЛУЧНА ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област област Вовед во правото (50800), Управно право (50802) и Право на Европската унија (50811) се пријави само кандидатката вон. проф. д-р Наташа Пеливанова. Откако со внимание ја разгледа пријавата, со сите прилози, објавени трудови и другите активности, Комисијата за оцена на кандидатката во состав: проф. д-р Борче Давитковски, проф. д-р Миодраг Мицајков и проф. д-р Владимир Ортаковски, ја дава следнава заклучна оцена и предлог:

Рецензионата комисија констатира дека кандидатката вон. проф. д-р Наташа Пеливанова ги исполнува условите за избор предвидени во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот "Св. Климент Охридски"- Битола, Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Климент Охридски"- Битола и општите акти на Факултетот за безбедност-Скопје.
Од увидот во објавените трудови и учествата на меѓународните научни собири може да се оцени дека кандидатката покажува особен интерес и е особено активна во научната заедница, а творечкиот опус и се одликува со аналитичност и систематичност во промислувањето и анализирањето на управно правните прашања и проблеми, воведно правните прашања и одредени прашања поврзани со правото на Европската унија. Во таа смисла може да се оцени како значаен и продуктивен научниот, научно-истражувачки и апликативен пристап на вон. проф. д-р Наташа Пеливанова во развојот на општествените науки, посебно на Управното право, Вовед на правото и Правото на Европската унија.

Комисијата констатира дека досегашната научна, научно-истражувачка и стручна ангажираност на вон. проф. д-р Наташа Пеливанова е насочена кон анализирање на управно правните, воведно правните и прашањата поврзани со правото на Европската унија. Таа се пројавува како организиран и систематичен набљудувач на современите состојби во правото, посебно во управното право каде подолг период вниманието и е акцентирано на истражувањата на состојбите во управното судство, моделот на неговата организација и ефикасност. Кандидатката со организирана, систематска и насочена активност се профилира како успешен универзитетски педагог со методички знаења и способност нив да ги афирмира во областа на управните правните и воведно правните науки. Кандидатката успешно ги детектира и анализира и прашања од областа на правото на Европската унија. Оттаму со право може да се констатира дека вон. проф. д-р Наташа Пеливанова низ научната работа, се потврдува како сериозен, систематичен и проникнлив истражувач кој умее на стручен начин, согласно педагошките стандарди да ги пренесе своите методски искуства и знаења на студентите. Во таа смисла рецензионата комисијата има особена можност да подвлече дека во педагошката работа, научно-истражувачката, апликативната и практична дејност на вон. проф. д-р Наташа Пеливанова се присутни содржини кои се од особен придонес за развојот на научните области: Вовед во правото,

Управно право и Право на Европската унија. Од анализата на трудовите може да се констатира дека истите се одликуваат со примена на соодветен методолошки пристап, со систематичност и аргументираност во поставувањето, а особено во докажувањето на прашањата поврзани со предметот на расправа што го определува научниот пристап и карактер на анализираните трудови. На тој начин може да се констатира дека вон. проф. д-р Наташа Пеливанова е профилиран научен работник кој постигнал значителни резултати во научното промислување на сложените прашања на Вовед во правото,-50800, Управно право-50802 и Право на Европската унија – 50811 успешно развивајќи ги и афирмирајќи ги. Имајќи предвид дека вон. проф. д-р Наташа Пеливанова во својот досегашен опус има објавено два универзитетски учебници и тоа еден од обласла на Воведот на правото а еден од обласла на Управното право, скрипти, монографија, научни и стручни трудови, учествувала на научни конференции, преку кои се потврдила и ги афирмирала своите знаења, компетентност и способности, како и богатата педагошка дејност поврзана со вршењето на наставната дејност каде се афирмирала како универзитетски наставник, Рецензентската комисијата оценува дека станува збор за научен работник кој е трудољубив и продуктивен член на универзитетската заедница “ и има значаен придонес во научните подрачјаа Вовед во правото, Управно право и Право на Европската унија.

**П Р Е Д Л О Г**

Согласно изнесеното, а во контекст на критериумите за избор во звања според Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски„ - Битола, можеме да констатираме дека кандидатката ги исполнува сите критериуми и тоа:

- научен степен доктор на науки од научната област за која се избира – Доктор по правни науки;
- по изборот за вонреден професор има објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или четири научни трудови во научно списание со импакт фактор во последните пет години- имено кандидатката објавила 17 (седумнаест) научноистражувачки трудови во соодветните области во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, од кои девет труда се во меѓународно научно списание со импакт фактор-3,567;
- учествувала во научно-истражувачки проекти- (два национални);
- има придонес во оспособувањето на помлади истражувачи – како член на Комисии за оценка и одбрана на дипломски и магистерски трудови;
- покажала способност за изведување на сите видови вискообразовна дејност и позитивна оценка од самоевалуацијата- способен и позитивно оценет од страна на студентите со просечна оценка 4,00.

Поаѓајќи од погоре изнесените оценки и констатации, а имајќи ја во вид содржината на целокупната научна, научно-истражувачка, стручна и наставна активност на кандидатката **вонреден професор д-р Наташа Пеливанова** како и **со оглед на тоа**

**дека ги исполнува пропишаните критериуми и условите предвидени во Законот за високо образование за избор во наставно-научно звање и во Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола,** Рецензентската комисија има особено задоволство **на Сенатот на Универзитетот** „Св. Климент Охридски“, **да му предложи** вонредниот професор **д-р Наташа Пеливанова да ја избере** во звањето **Редовен професор во научната област** Вовед во правото (50800), Управно право (50802) и Право на Европска унија (50811) **на Факултетот за безбедност –Скопје**

**.Скопје, .8.2017 година.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Борче Давитковски с.р.**

**Проф. д-р Миодраг Мицајков с.р.**

**Проф. д-р Владимир Ортаковски с.р.**

До: Деканатската управа на
Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

На ракописот со наслов „Мултимедиски мрежи - основни концепти“, од авторот д-р Зоран Котевски од Факултетот за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св Климент Охридски“ – Битола.

Со одлука бр. 14-824/6-2 од 07.06.2017 година, донесена на 220-та седница на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, избрани се рецензенти на ракописот со наслов „ Мултимедиски мрежи - основни концепти “, и тоа:

1. Ред. проф. д-р Илија Јолевски, Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.

2. Ред. проф. д-р Тони Јаневски, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

По разгледувањето на доставениот ракопис, согласно член 15 и член 18 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, го поднесувам следниот рецензентски:

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот „Мултимедиски мрежи - основни концепти“ е структуриран како основен учебник и е наменет за студентите од прв циклус студии, на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола. Делото е наменето да ги запознае студентите со основните принципи на кои се засноваат денешните мултимедиски комуникации и да ги воведе во актуелните трендови поврзани со мултимедиските сервиси и најновите мултимедиски и комуникациски технологии. Ракописот содржи поголем број на примери кои му овозможуваат на читателот подетално да ги разбере процесите кои се одвиваат во позадина на денешните мултимедиски комуникации и апликации.

По обем градивото се состои од 135 страници текст на А4 формат и фонт со големина од 12 pt., односно десет авторски табаци (формат B5, фонт 12 pt.) што е во согласност со член 9 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, за ракопис предвиден како основен учебник. Обработената материја е систематизирана во десет поглавја, со соодветна поделба на наслови и поднаслови. Распоредот на градивото е таков што постепено го воведува читателот во проблематиката мултимедиските технологии и комуникации.

По содржина, ракописот се состои од вкупно десет поглавја. Првото поглавје претставува вовед во инфраструктурните концепти и технологии, и терминологијата кои се користат во мултимедиски комуникации (PSTN, ISDN, DSL, PBX, FXS, FXO), со краток осврт и на постарите технологии како аналогната телефонска линија.

Второто поглавје подетално ги обработува технологиите и стандардите за мултимедиски комуникации на меѓународните организации ITU-T и IETF, како и потребата за конвергенција кон единствена инфраструктурна платформа за мултимедиски мрежни комуникации и други услуги. Во ова поглавје, исто така, се образложени и бенефитите од примената на мултимедиските мрежи, како единствена платформа за пренос на мултимедиски податоци.

Третото поглавје зборува за контролните протоколи и нивните специфични функции. Поточно, во оваа глава се образложени протоколите SGCP, MGCP, H.248 и Sigtran, кои претставуваат протоколи за контрола на медиските gateway уреди кои се неопходен дел од една мултимедиска мрежа.

Четвртото и петтото поглавје се комплетно посветени на сигнално комуникациските протоколи H.323 и SIP, редоследно, со детално образложение за нивното функционирање, подрачје на примена, и нивните предности и недостатоци. Четвртото ја опфаќа архитектурата на H.323 протоколот и основните компоненти, како и поединечните протоколи за сигнализација, контрола на медиските податоци, безбедност и други аспекти. Во петтото поглавје е образложен SIP протоколот, со соодветни промери за начинот на кој се остварува комуникацијата. Воедно, во ова поглавје е образложен и SDP протоколот кој се користи за преговарање на параметрите на мултимедискиe сесии.

Шестото поглавје го разработува транспортниот протокол RTP, кој се користи за транспорт на медиските податоци (звук, видео и други податоци) кај сите типови на мултимедиски системи, без разлика дали се работи за аудио или видео комуникациска сесија, или пак за аудио/видео стриминг. Исто така, во ова поглавје е објаснето и функционирањето на пропратниот и контролен RTCP протокол.

Седмото поглавје ги адресира проблемите кои се јавуваат кога комуникацискиот сервер и/или крајните корисници се наоѓаат поставени зад извесен NAT уред. Тука се претставени различните типови на NAT уреди и нивните специфичности, како и решенијата со кои се надминуваат ваквите проблеми.

Осмото поглавје е посветено на прашањето за обезбедување на квалитет на услугите во мултимедиските комуникации. Во ова поглавје се образложени актуелните техники и технологии за постигнување на ваквите неопходни барања, и тоа, како во локалните мрежи, така и на Интернет.

Во деветтото поглавје се зборува за технологиите за аудио/видео стриминг и нивните развојни фази, вклучувајќи видео стриминг преку HTTP, протоколи за видео стриминг (RTSP, MMS, RTMP), како и најновите концепти за адаптивен видео стриминг (Smooth Streaming, HLS, HDS, MPEG-DASH)

Десеттата глава претставува осврт кон најновите технологии на концептот домашни мултимедиски мрежи, односно UPnP, DLNA, Apple AirPlay и HGI.

Ракописот се карактеризира со оригиналност која има прегледен карактер, а користената литература е актуелна и детална и ги опфаќа најновите изданија од областа на мултимедиските мрежи и комуникации.

Насловот на делото е во согласност со насловот на наставната дисциплина, а содржината на ракописот соодветствува на наставната програма на предметот „Мултимедиски мрежи" кој се слуша на различни студиски програми на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола.

Трудот поседува солидни методичко дидактички вредности, каде содржините кои се предмет на обработка се јасно образложени. Изнесените теоретски концепти се поткрепени со соодветна и актуелна стручна литература. Начинот на обработка на темите му овозможува на читателот лесно да се воведе во проблематиката на мултимедиските комуникации и мрежи за различни имплементации. Ваквиот методичко дидактички пристап овозможува студентите без потешкотии да го совладаат градивото предвидено со предметната програма.

Ракописот содржи поголем број илустрации со кои се обезбедува појасен преглед и разбирање на концептите кои се обработуваат и се подобрува умствената визуелизација.

Користената литература опфаќа соодветни книги и трудови, како и Интернет извори, од истакнати автори, од бластите на мрежните и мултимедиски технологии, издадени од врвни светски издавачки куќи, како Focal Press, Elsevier, Pearson Education и John Wiley & Sons.

Материјата која е обработена во ракописот е презентирана на едноставен и јасен начин, со што е обезбедена солидна разбирливост, а читателот лесно се воведува во основите на мултимедиските мрежи кои е неопходно да се познаваат кога се работи во областите на мрежните технологии и мултимедиските комуникации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на образложението од извештајот, може да се заклучи дека ракописот „Мултимедиски мрежи - основни концепти" јасно ја обработува областа на мултимедиските мрежи и комуникации, и ги опфаќа суштинските елементи потребни за едукација на студентите. Ракописот е пишуван на високо стручно ниво и е во потполна согласност со наставната програма по предметот „Мултимедиски мрежи" кој се слуша на студиските програми *Информатика и компјутерска техника*, *Компјутерски науки и инженерство* и *Информатички науки и комуникациско инженерство*, сите на Факултетот за информатички и комуникациски технлогии – Битола.

Исто така, поради едноставниот начин на објаснување, покрај студентите, ракописот може да го користат и други заинтересирани читатели.

Затоа, со особена чест и задоволство, му предлагам на Деканатската управа на Факултетот за информатички и комуникациски технлогии – Битола, да го прифати извештајот од рецензијата на ракописот „Мултимедиски мрежи - основни концепти“,и да донесе одлука за издавање на ракописот како основен учебник.

Битола, 25.08.2017

Рецензент
Ред. проф. д-р Илија Јолевски

До:

Деканатската управа на
Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

На ракописот со наслов „Мултимедиски мрежи - основни концепти“, од авторот д-р Зоран Котевски од Факултетот за информатички и комуникациски технологии, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.

На предлог на Деканатската управа на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 220-та седница одржана на 07.06.2017 година, донесе одлука, бр. 14-824/6-2, за избор на рецензенти на ракописот со наслов „Мултимедиски мрежи - основни концепти“, и тоа:

1. Ред. проф. д-р Илија Јолевски, Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.

2. Ред. проф. д-р Тони Јаневски, Факултет за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

По прегледувањето на ракописот, согласно член 15 и член 18 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, го доставувам следниот рецензентски:

## И З В Е Ш Т А Ј

По структура и обем, ракописот „Мултимедиски мрежи - основни концепти“ е конципиран како основен учебник, наменет за студентите од прв циклус студии, на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола. Целта на учебникот е запознавање на студентите со актуелните мултимедиски технологии, стандарди и сервиси. За таа цел, покрај теоретските образложенија, ракописот содржи и поголем број практични примери за процесите на мултимедиските комуникации, во поглед на сигнализација, преговарање и реализација на мултимедиски сесии.

Содржината на ракописот е презентирана на 135 страници во А4 формат, со големина на текстот од 12 pt., односно десет авторски табаци со формат B5 и големина на текстот од 12 pt., што соодветствува за дело наменето како основен учебник. Градивото по структура е организирано во десет поглавја, кои вклучуваат поголем број слики и

примери. Исто така, прегледот на користената литература покажува дека се користени дела од врвни светски автори и издавачки куќи.

Книгата е структурирана во десет поглавја кои претставуваат заокружени целини, во кои се елаборирани основните принципи на мултимедиските мрежи. Првото поглавје е воведот и се однесува на основната терминологија која се користи во мултимедиските мрежи, како и на основните технологии на кои се засноваат мултимедиските комуникации со краток хронолошки преглед на нивните развојни фази.

Во второто поглавје авторот се осврнува кон образложение на стандардите за мултимедиски комуникации на меѓународните организации ITU-T и IETF. Исто така, во ова поглавје образложени се и предизвиците кај мултимедиските мрежи, како и системите и уредите кои овозможија конвергенција кон единствена инфраструктурна платформа за мултимедиски мрежни комуникации и други услуги. Покрај ова, направена е и споредба на функционирањето на протоколите кај PSTN и VoIP комуникации.

Третото поглавје има за цел да ги запознае студентите со комуникациските кола и сигналните протоколи. Поточно, во ова поглавје се зборува за сигнализирањето и супервизијата кај пристапните кола и помеѓу телефонските централи, како и за медиските Gateway уреди и нивните контролни протоколи.

Четвртото поглавје е посветено на комуникацискиот протокол H.323 на ITU-T организацијата. Образложени неговите основни карактеристики, неговата архитектура и основните компоненти. Ова поглавје, исто така, опфаќа и објаснενија за поединечните протоколи кои спаѓаат во рамки на H.323 протоколот, како H.225.0 сигналниот протокол, H.245 протоколот за контрола на медиските податоци, H.225.0 RAS протоколот за регистрација, пристап и статус, и други. Покрај ова, во поглавјето се зборува и за размената на податоци со користење на H.323 протоколот, како и за поддржаните аудио и видео формати.

Во петтото поглавје авторот дава поодделно образложение за функционирањето на SIP протоколот, во кое со соодветни примери се објаснети: процесите на воспоставување комуникациска сесија помеѓу два корисници, содржините на SIP пораките и содржината на SDP протоколот.

Шестото поглавје се однесува на транспортниот протокол за пренос на мултимедија во реално време RTP, како и пропратниот контролен протокол RTCP. Во ова поглавје е објаснета постапката на пакетизирање на податоците во RTP пакет, а воедно е елаборирана и содржината на RTCP извештаите.

Во седмото поглавје, авторот ги адресира проблемите на RTP пакетите при премин на NAT уреди. Притоа, најпрво се образложени различните типови на NAT уреди и начинот на нивно функционирање. Понатаму се зборува за однесувањето на SIP сигнализацијата и RTP медиските податоци при премин на NAT уреди, а на крај се разработени различните можни решенија кои се користат за надминување на проблемите со NAT уредите.

Во осмото поглавје се зборува за квалитет на услугите (QoS) кај мултимедиските комуникации. Притоа, во овој дел дадени се подетални објасненија за обезбедување на квалитет на услугите во локалните мрежи, на Интернет, како и обезбедување на квалитет на услугите кај Интернет провајдерите.

Деветтото поглавје зборува за аудио и видео стримингот, со хронолошки преглед на развојните фази. Објаснети се концептите на видео стриминг преку HTTP протокол, на кој се засноваат почетоците на оваа парадигма. Воедно, разработени се и протоколите RTSP, RTMP и MMS, на кои подолг временски период се засноваше видео стримингот. На крај, во ова подглавје даден е осврт кон најновите трендови за адаптивен медиски стриминг со користење на HTTP протоколот, вклучувајќи ги протоколите развиени од различни глобални компании, како и стандардниот протокол MPEG-DASH на групата MPEG од организацијата ISO/IEC.

Во десеттото поглавје образложени се технологиите и стандардите за формирање на домашни мултимедиски мрежи. Подетално, во ова поглавје се зборува за UPnP, DLNA, Apple AirPlay и HGI.

Ракописот кој е предмет на оваа рецензија се карактеризира со оригиналност која произлегува од креативниот начин на презентирање на содржините и примерите. Книгата има прегледен карактер и се одликува со конзистентен пристап при организирањето на нејзината содржина. Во овој контекст треба да се спомене дека е користена литература која е актуелна и опфаќа квалитетни изданија од областа на мултимедиските мрежи.

Насловот на делото е во согласност со насловот на наставната дисциплина, а содржината на ракописот соодветствува со наставната програма на предметот „Мултимедиски мрежи“ кој според информациите од авторот е застапен на повеќе студиски програми на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола.

Трудот има адекватен методичко-дидактички пристап на обработување на материјата, во кој стилот на пишување е јасен и разбирлив а стручната терминологија е соодветна. Изнесените теоретски концепти се поткрепени со соодветна и актуелна стручна литература. Ваквиот пристап им овозможува на студентите да го совладаат градивото предвидено со предметната програма без потешкотии.

За обезбедување на појасен преглед на обработените концепти и нивно полесно разбирање, учебникот содржи поголем број илустрации и примери.

Користената литература опфаќа соодветни референци, вклучувајќи книги и трудови, како и Интернет извори, сите целосно соодветни за областите на мрежните и мултимедиски технологии.

По својата тематска организација и разбирливиот стил на пишување, делото во целост одговара на материјата од предметната програма, а читателот лесно се воведува во основите на мултимедиските мрежи. Поради овие карактеристики, покрај студентите од студиските програми на Факултетот за информатички и комуникациски технологии –

Битола, книгата можат да ја користат и студенти од други факултети, како и останати заинтересирани читатели.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според претходно изложеното, во однос на структурата и содржината на ракописот, неговата усогласеност со целите и содржината на предметната програма, како и методичко дидактичките вредности, може да се констатира дека ракописот „Мултимедиски мрежи – основни концепти“ ги опфаќа суштинските елементи на функционирањето на мултимедиските мрежи и комуникации. Темата е обработена на стручен, јасен и едноставен начин, со што е обезбедена соодветна применливост на учебникот во наставните процеси на студиските програми на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола. Според сите атрибути, делото ги задоволува сите критериуми на современ учебник од областа на мултимедиските мрежи.

Затоа, со особена чест и задоволство, и предлагам на Деканатската управа на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, да го прифати извештајот од рецензијата на ракописот „Мултимедиски мрежи - основни концепти“ и да донесе одлука за издавање на ракописот како основен учебник.

Скопје, 23.08.2017

Рецензент,

Ред. проф. д-р Тони Јаневски

До:
Наставно научниот совет на
Факултетот за информатички
и комуникациски технологии-Битола

**ИЗВЕШТАЈ**

од комисијата за оценка на докторската дисертација
од кандидатот м-р Анета Шијакова, под наслов:

**"ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КОХЕЗИВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ И МЕНАЏИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ"**

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 51 и 53 од Правилникот за организирање на последипломски и докторски студии и стекнување со докторат на науки на универзитетот " Свети Климент Охридски "-Битола, а во врска со поднесената докторска дисертација под наслов "ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА КОХЕЗИВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ ФОНДОВИ НА ЕУ И МЕНАЏИРАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ПРОЕКТИ" од кандидатот м-р Анета Шијакова, Наставно-научниот совет на Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола, на седницата одржана на 20.06.2017 година, донесе Одлука бр.02-332/9 за формирање на Комисијата за оценка на докторската дисертација во состав:

1. Ред. проф. д-р Виолета Пановска Бошкоска, професор во пензија, ментор;
2. Ред. проф. д-р Драган Груевски, Факултет за информатички и комуникациски технологии –Битола, член;
3. Доц. д-р Мимоза Богданоска Јовановска, Факултет за информатички и комуникациски технологии –Битола, член;
4. Вонр. проф. д-р Моника Марковска, Факултет за информатички и комуникациски технологии –Битола, член;
5. Доц. д-р Божидар Миленковски, Факултет за информатички и комуникациски технологии –Битола, член;

По прегледот и проучувањето на докторската дисертација, Комисијата, до Наставно научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

### Општ преглед на докторскиот труд

Докторската дисертација на кандидатот м-р Анета Шијакова под наслов “Јакнење на капацитетот на Република Македонија за користење на кохезивните и структурните фондови на ЕУ и менаџирање на европски проекти” обработува современа и актуелна проблематика со идентификувани прашања за интеграцијата на Република Македонија во ЕУ од аспект на искористување на можностите за користење на претпристапната финансиска поддршка наменета за реформите на македонското општество. Решавањето на овие прашања ќе придонесе за зајакнување на административниот капацитет на потенцијалните корисници за искористување на ваквите можности со што ќе се придонесе за забрзување на реформите во државата.

Македонија, како земја кандидат за ЕУ има можност за пристап до европските финансиски фондови, но досегашното искуство покажа дека нашата држава нема доволно апсорпциски капацитет за да ги искористи расположливите финансиски средста. Причините за ваквата состојба се многубројни и тие се присутни скоро во сите сегменти на македонското општество и тоа во државните и локалните институции, како и во јавниот и приватниот сектор. Дел од тие причини се и недоволната информираност за финансиските можности кои што беа отворени за Република Македонија, недоволна посветеност на едукативните процеси и нивна примена во пракса, нерасполагање со доволно финансиски средства за партиципација во финансирање на европските проекти и друго. Ваквата состојба е нужно да се промени со цел да се создадат услови за реформа во значајните сектори со што ќе се отвори патот на Р.Македонија за влез во ЕУ.

Создадените политички услови за решавање на ова прашање, како и перспективноста на останатите економски, безбедносни и стабилни услови на државата уште повеќе го актуелизираа прашањето како да се реши проблемот со недоволниот апсорпциски капацитет на Р. Македонија за користење на финансиските средства на ЕУ. Токму поради тоа, во овој истражувачки труд се истражува реалната состојба на постојниот капацитет за искористување на потребните финансиски средства и се предлагаат начини и мерки како да се решат постојните проблеми.

Потребата да се одговори на ова прашање произлегува и од фактот што за периодот 2007-2013 година, ЕУ за Македонија обезбедила фондови во износ од 622 милиони евра, надополнети со повеќе-кориснички програми на ИПА. Сепак, четиристотини милиони евра, или околу 60 % од средствата на европските фондови кои беа наменети за Република Македонија, останаа неискористени. Најслабо се користеле парите наменети за рурален развој, каде секоја година дури 15 милиони евра се враќале во буџетот на ЕУ како неискористени средства. Ова укажува на ограничен национален капацитет за програмирање и искористување на средствата од ИПА, односно ја потенцира потребата да се зајакне капацитетот за планирање, проектирање и спроведување на проекти во согласност со правилата на солидно финансиско управување. Во рамките на ИПА 2 за периодот 2014-2020 година за Република Македонија се наменети 664.2 милиони евра. Овие средства треба да ги поддржат напорите на земјата да ги исполни

критериумите од Копенхаген и да ја поддржи нејзината подготовка за исполнување на предизвиците од идното членство во ЕУ.

Имајќи ги предвид претходно наведените недостатоци во процесот на искористување на европските фондови и менаџментот со европски проекти во Република Македонија, кандидатот, м-р Анета Шијакова, прави успешен истражувачки напор со фокус на современиот концепт за менаџирање на европските проекти и управување со европските фондови, како и на нивните импликации врз апсорпцискиот капацитет на земјата во променливо окружување. Функционалноста бара вградување на современи начини за постигнување на ефективно и ефикасно искористување на европските фондови за што е потребна повеќедимензионална надградба на сите субјекти вклучени во подготовката и имплементацијата на европски поддржаните проекти. Апсорпцискиот капацитетот е многу важен за способноста на една земја да добие помош од европските фондови и истата ефикасно да ја искористи.

Зајакнувањето на апсорпцискиот капацитет за Македонија е важно не само од аспект на користењето на Инструментот за претпристапна помош кој сега стои на располагање, туку уште повеќе е важно Македонија да изгради доволен апсорпцискиот капацитет до зачленувањето во ЕУ, со оглед на тоа што уште поголеми фондови и средства им стојат на располагање на земјите членки. Тоа се структурните и кохезивните фондови кои детално се анализирани во оваа докторска дисертација.

Во своето истражување докторантот ја потврдува претпоставката дека образовниот, институционалниот и менаџерскиот капацитет позитивно влијаат врз зајакнувањето на капацитетот за користење на ЕУ фондовите. Имено, истражувањето тргна од точката дека ако постои застапеност на административните и менаџерските фактори под услов да се развие образовен, институционален и менаџерски капацитет, тогаш постои позитивно влијание врз зајакнувањето на капацитетот за користење на ЕУ фондовите, што значи: степен на информираност за можностите и потребното знаење за искористување на ЕУ фондовите. Оттука, во оваа докторска дисертација се истражува позитивното влијание на степенот на информираност за можностите и потребното знаење (образованието) за искористување на ЕУ фондовите врз јакнењето на капацитетот за користење на европските фондови.

По идентификуваниот проблем и предмет на истражување, како и дефинираните цели, докторантот Анета Шијакова реализира продлабочено истражување и проучување на реалните состојби во користењето на претпристапната помош за Република Македонија, капацитетот на Македонија, како земја кандидат за во ЕУ, во однос на програмирање, менаџирање и имплементација на структурните и кохезивните фондови на ЕУ: Европскиот регионален развоен фонд, Кохезивниот фонд и Европскиот социјален фонд. Целта на оваа докторска дисертација е определување на критериуми и мерки за јакнење на капацитетот на Република Македонија за користење на кохезивните и структурните фондови на ЕУ и идентификување на потребните вештини за менаџирање на европски проекти.

Од методолошки аспект, за да се остварат целите и да се реализираат задачите на докторскиот труд како прелименарна активност е спроведено обемно истражување со кое

се даваат многу одговори на прашањата поврзани со истражуваната појава. Истражувањето се спроведе во 85 државни институции (локални самоуправи) при што е опфатена целата истражувана популација, а повратот на информации е дури 91% од целата истражувана популација. Истражувањето се фокусираше на општините, но со цел да се обезбеди поголема веродостојност на собраните податоци истражувањето вклучи и други субјекти кои во процесот на проектно работење соработуваат со општините. Тука станува збор за асоцијации на локалните власти, невладини организации и плански региони, како и приватни фирми кои во процесот на проектно работење соработуваат со општините.

Методите кои се користени во ова истражување се: методи на индукција, метод на дедукција, анализа, синтеза и компаративна анализа. Преку квантитативно истражување се изврши тестирање на хипотетската рамка со примена на анкетен прашалник, чии резултати беа статистички обработени со помош на статистичкиот пакет за обработка на податоци SPSS. Хипотезите се анализирани со Chi Square (X2) тестот, кој ја прикажува статистичката значајност и веројатноста на поврзаност помеѓу дадени варијабли. За потребите на ова истражување е користена и методологија за проценка на капацитетот за апсорбирање на ИПА фондовите на Европската Унија. Се работи за методологија која е развиена за проценка на капацитет на општините во Турција и Западен Балкан да ги апсорбираат ИПА фондовите. Потребата од ваква методологија е идентификувана од страна на државите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните кандидати се со цел кај земјите кандидати и потенцијални кандидати за ЕУ да се подобрат капацитетите за ефективно и ефикасно користење на европските фондови, вклучувајќи ги и ИПА фондовите.

## 1. Приказ на содржина на докторскиот труд

Докторската дисертација под наслов “Јакнење на капацитетот на Република Македонија за користење на кохезивните и структурните фондови на ЕУ и менаџирање на европски проекти” од кандидатот м-р Анета Шијакова, е презентирана на 392 страници, од кои 261 страница се текст, а 131 страница се анализа и резултати од емпириското истражување, методи, статистички тестирања, табели и библиографски единици. Содржината на докторската дисертација е поделена во три дела и тоа: теоретски, методолошки и емпириски дел. Трудот е структуриран во неколку целини: вовед, шест поглавја групирани во три одделни целини, заклучок, користена литература и прилози. Во воведот се елаборирани: проблемот, предметот и целите на истражување, користените методи, хипотетската рамка и структурата на трудот.

Ракописот на трудот е поделен во следните шест глави:

1. Преглед на Кохезионата политика на ЕУ и Европските Фондови
2. Компаративна анализа на користењето на европските фондови
3. Концепт на потребниот апсорпциски капацитет за користење на европски финансиски средства и негови карактеристики

4. Менаџирање на европски проекти
5. Методологија на истражување за користењето на ЕУ фондовите во Република Македонија
6. Емпириски резултати

Во првата глава, насловена како "Преглед на Кохезионата политика на ЕУ и Европските Фондови" , кандидатот си поставил за цел да ја согледа суштината и да ги разбере принципите на Кохезионата политика на ЕУ и Европските Фондови (Европскиот социјален фонд, Европскиот фонд за регионален развој и Кохезиониот фонд). Разбирањето на содржината и функционирањето на Кохезионите и Структурните фондови, како и Инструментот за претпристапна помош (ИПА), му овозможило на кандидатот да ги открие причините за потребата од воведување на современ концепт на европско проектно работење и развој на менаџерските вештини потребни за ефективно и ефикасно подготвување и имплементирање на европски проекти, а со тоа и зголемување на степенот на апсорпција на средства од европските фондови и во земјите членки на ЕУ, но и оние кои претендираат да станат дел од европското семејство. Во оваа глава е обработена и проблематиката на големото влијание коего имаат и економските и општествените диспаритети помеѓу одделни земји и региони.

Втората глава под наслов "Компаративна анализа на користењето на европските фондови" ги содржи идентификуваните разлики и сличности при користењето на структурните и кохезионите фондови во земји членки на ЕУ, како и користењето на ИПА и другите европски фондови во земјите од регионот, кои што не се членки на ЕУ, но се во процес на евроинтеграција.

Во оваа глава се презентирани и проблемите при апсорпцијата на средствата од ЕУ со кои се соочуваат институциите, а кои се продуцирани од влијанието на динамични и бројни фактори во екстерното и интерното окружување. Поединечното анализирање на искуствата од користењето на европските фондови во земји членки на ЕУ укажува на тоа дека овие фондови имаат носечка улога во развојот на земјите од Централна и Источна Европа по нивното приклучување кон ЕУ. Преку европските фондови, во овие земји се имплементирани значајни инфраструктурни проекти, но и проекти за јакнење на капацитетите на националните и регионалните администрации со цел ефективно користење на европската финансиска поддршка за натамошен развој. Примерот на зајакнување на капацитетите за ефективно користење на европските фондови треба да го следат и земјите кои сакаат да станат членки на ЕУ, посебно затоа што по влезот во ЕУ финансиската поддршка преку овие фондови значајно се зголемува во споредба со претпристапните фондови.

Во третата глава, насловена како “Концепт на потребниот апсорпциски капацитет за користење на европски финансиски средства и негови карактеристики” е претставен концептот на потребниот апсорпциски капацитет за користење на европски финансиски средства и неговите карактеристики. Со проучување на теоријата и праксата на користењето на европските фондови докторантот Анета Шијакова ги осознава компонентите на апсорпцискиот капацитет, односно способоста на една земја, целосно да ги потроши доделените финансиски средства од европските фондови на ефективен и ефикасен начин, што практично го одредува нејзиниот апсорпциски капацитет за користење на финансиските средства од ЕУ.  Истражувањето покажа дека кај сите земји се појавија потешкотии во нивните настојувања да ги искористат европските фондови во што поголем обем, при што клучно влијание имаат факторите: макро-економската ситуација, кофинансирањето и административниот капацитет на една земја.

Докторантот потенцира дека постои силна врска помеѓу апсорпцискиот капацитет и функционирањето на ЕУ фондовите во земјата корисник. Без развиен апсорпциски капцитет една земја не може ефикасно и ефективно да ги користи европските фондови, кои што се мошне значајни за нејзин развој. Затоа секоја земја треба да работи на унапредување на својот апсорпциски капацитет преку развивање на способноста за генерирање на квалитетни проекти и нивна соодветна имплементација поддржана со развој на структурите, човечките ресурси и алатките поврзани со специфичните барања на ЕУ.

Во четвртата глава, насловен како “Менаџирање на европски проекти”, докторантот м-р Анета Шијакова прави успешен напор да одговори на задачите кои претходно ги поставил, а кои се однесуваат на следново: разбирање на суштината на менаџирањето со европски проекти, препознавање на неговата улога и значење за обезбедување на внатрешно интегрирање на функциите, ресурсите и активностите во подготовувањето и имплементацијата на проекти поддржани од ЕУ. Сознанијата добиени во оваа глава придонесуваат да се разбере динамичната и комплексна природа на процесот на менаџмент на европски проекти, што помага во идентификување на проблемите кои се јавуваат при нивна имплементација, што е детално обработено во оваа докторска дисертација.

Петтата глава, насловена како “Методологија на истражување за користењето на ЕУ фондовите во Република Македонија” претставува содржина на вториот дел од докторската дисертација и се однесува на методолошката постапка на истражувањето и емпириското истражување. Во оваа глава е образложена методологијата на истражување за користењето на европските фондови во Република Македонија, при што е образложен и предметот на истражување, односно недоволниот капацитет за користење на европските фондови во Република Македонија, а потоа како предмет на истражување е дефинирано влијанието на образовните, институционалните и менаџерските фактори врз зајакнувањето на капацитетот за користење на европските фондови.

Во функција на истражувањето во оваа глава се поставени и хипотези (една генерална хипотеза, три посебни хипотези и од секоја посебна хипотеза произлегоа по две поединечни хипотези). Основа за тестирање на поставените хипотези во реалноста беа претходно собрани податоци за варијаблите во ова истражување. За таа цел се користеше

техниката на анкетно истражување, како и анализа на готови односно бработени податоци од административен карактер во функција на истражувањето.

Емпириското истражување, покрај проблемот целите и хипотезите ги содржи и варијаблите: степен на информираност за можностите и потребното знаење за искористувањето на ЕУ фондовите, развој на студиски програми во високо-образовните институции, применети знаења од перманентното усовршување за искористување на ЕУ фондовите, работењето на постојните институции за искористување на ЕУ фондовите, отворање на нови институции за искористување на ЕУ фондовите, развој на менаџерски вештини и обуки за менаџирање на проектите.

Шестата глава под наслов "Емпириски резултати" и се однесува на емпириското истражување спроведено во локалните самоуправи во Република Македонија, асоцијации на локалните власти, невладини организации и плански региони, како и приватни фирми кои во процесот на проектно работење соработуваат со општините. Оваа докторска дисертација го третираше влијанието на административните и менаџерските фактори врз зајакнувањето на капацитетот за користење на европските фондови. Хипотетската рамка е градена врз основа на претпоставките дека ако постои застапеност на административните и менаџерските фактори под услов да се развие образовен, институционален и менаџерски капацитет, тогаш постои позитивно влијание врз зајакнувањето на капацитетот за користење на ЕУ фондовите, што значи: степен на информираност за можностите и потребното знаење за искористување на ЕУ фондовите. Образовниот, институционалниот и менаџерскиот капацитет позитивно влијаат врз зајакнувањето на капацитетот за користење на ЕУ фондовите.

По спроведената корелациона анализа и примената на Chi Square тестот за одредување на статистичка значајност на добиените резултатите, се заклучи дека сите хипотези се потврдија преку емпириското тестирање, односно сите хипотези се прифатија. Имено, се покажа дека капацитетот за користење на европските фондови во општините во Република Македонија зависи и од степенот на информираност за можностите и начинот на користење на европските финансиски фондови, што е неминовно поврзано и со институционалниот, образовниот и менаџерскиот капацитет на општините.

Во Заклучните согледувања се елаборирани констатациите и сознанијата во врска со предметот на истражување на докторската дисертација, а се презентирани и размислувања и препораки од кандидатот за можностите за зајакнување на капацитетот за апсорпција на средствата од европските фондови во Република Македонија. Ова е обработено од аспект на краткорочна и долгорочна ефективност и ефикасност во искористувањето на европските фондови, што ќе обезбеди оптимално користење на овие ресурси кои и стојат на располагање на Република Македонија од страна на ЕУ и нивна примена во функција на побрзо интегрирање на Република Македонија во ЕУ.

### 3. Оцена и предлог

Во овој докторски труд истражувањето се фокусира на факторите кои влијаат на слабата апсорпција на европските фондови во Република Македонија, особено во услови

на актуелната економска криза, со цел да предложи активности за подобрување на капацитетот за апсорбирање на структурните фондови на ЕУ во иднина.

Докторантот м-р Анета Шијакова во трудот констатира  дека инвестирањето во образованието е општо признато како еден од најважните двигатели на растот. Оттука, зајакнувањето на истражувањата, едукацијата и капацитетите за обука се многу важни за подобрување на апсорпцискиот капацитет во една држава.

Капацитетот за користење на европските фондови зависи и од степенот на информираност за можностите и начинот на користење на европските финансиски фондови, што е неминовно поврзано и со институционалниот, образовниот и менаџерскиот капацитет во земјите членки на ЕУ и земјите кандидати.

Кандидатот прави студиозен обид да се поврзе научната терорија за кохезионата политика со практичната примена на современите принципи на менаџирање на европските фондови во локалните самоуправи во Република Македонија.

Добиените сознанија од спроведеното истражување овозможуваат зголемување на нивото на информираност за можностите за користење на финансиските фондови за Р.Македонија. Резултатите од емпириското истражување доведоа до општ заклучок дека ефикасноста на користењето на средствата од ИПА може да се оцени како ниска. При тоа, се констатираа и најчестите пречки кои го отежнуваат искористувањето на средствата од ИПА и другите европски фондови, а тоа се: недоволно средства за развој, дизајн и аплицирање на проекти од страна на општините во Р.Македонија,  потоа отсуство на знаење и вештини за комплицираните и тешки барања при аплицирање на проекти, по што следи и недостатокот на повратни информации. Со оглед на ваквата состојба, беа идентификувани и приоритетите на општинските администрации во однос на развојот и имплементацијата на ИПА проекти, со што истражувањето покажа дека највисок приоритет имаат стратешкото планирање и менаџирањето на проекти за празнините во поднесените проекти.

Кандидатот заклучува дека за да се дизајнираат добри проекти потребен е проактивен пристап од страна на властите. Со цел да се развие листа на потенцијални проекти, властите треба да бидат повеќе проактивни за да дизајнираат детални програми на активности во оваа област, да обезбедат соодветни ресурси, пред се финансиски средства и обучен кадар, како и да се осигураат дека расположливите средства ќе бидат ефикасно искористени.

Доброто управување со европските фондови е од непроценливо значење за националната економија, бидејќи со европските фондови се поддржуваат проекти кои можат да обезбедат развој на економијата, здравството, образованието, независно судство, ефикасна администрација во служба на граѓаните и слично. За да се искористат можностите кои се нудат од европските фондови за нашата држава, властите треба да подготват проактивни секторски и  макроекономски  развојни политики. Тоа е дотолку попотребно бидејќи инвестициите преку различни проекти не  значат и  автоматски економски раст. Заради тоа, реализацијата на европските проекти треба да биде проследена со подобрување во  областа на образованието,  што ќе резултира со подигнување на степенот на знаење за европските фондови и што ќе придонесе за нивна

поголема искористеност во насока на постигнување на развојните цели на државата. Тоа значи дека ќе се даде приоритет на процесите на едукација преку кои што кај јавните институции ќе се зголеми степенот на знаење за можностите и процедурите на европските фондови.

Истражувањето покажа дека постоењето на развиен образовен, институционален и менаџерски капацитет позитивно влијае врз зајакнувањето на капацитетот за користење на ЕУ фондовите, бидејќи го подигнува степенот на информираност за можностите и потребното знаење за искористување на ЕУ фондовите. Повисокиот степен на информираност за можностите и потребното знаење (образованието) за искористување на ЕУ фондовите значи и повисок капацитет за користење на европските фондови.

Општините, за да можат да генерираат и имплементираат проекти по мерка на ЕУ, треба континуирано да работат на развојот на својот административен и институционален капацитет. Во тој контекст, истражувањето покажа дека е потребно општините да развиваат стабилни стручни тимови за работа со европски проекти, составени од искусни и посветени професионалци. Тие, низ процес на едукација и обуки, контиунирано треба да ги надоградуваат своите знаења и искуства за можностите и процедурите на европските фондови, што значи да ги следат промените, бидејќи и кај европските фондови настануваат промени како резултат на реформите на структурната и кохезионата политика на ЕУ.

Од истражувањето може да се заклучи дека општините се соочуваат со проблемот на недоволен капацитет да издвојуваат финансиски средства за подготвување и за кофинансирање на проекти. Издвојувањето на финансиски средства за изготвување на проекти е тесно поврзано и со квалитетот на проектот.

Принципот на кофинансирање е задолжителен кај европски поддржаните проекти. Целта, меѓу другото, е да се обезбеди проактивно учество во целиот процес на планирање и имплементација на проектите од страна на општините, но и да се зголеми нивната сопственост врз проектот. Општините во перспектива треба да бараат дополнителни модалитети со цел обезбедување на потребните финансиски средства за изготвување и конфинансирање на проекти.

Се разбира финансиите не се единствениот услов за дизајн и испорака на квалититен проект, туку многу поголемо значење имаат човечките кадровски ресурси. Во услови кога кај општините недостига капацитет на експертиза, особено за подготвување поголеми инфраструктурни проекти, тоа треба да се прави во соработка со соодветни институции, кои можат да испорачаат квалитетна експертиза за потребите на проектот. Дополнително, недостатокот на експертиза треба да се надминува низ процес на активно партнерство со субјекти од невладиниот сектор, кој веќе има развиено значајно искуство на ова поле, како и со субјекти од приватниот сектор од каде потенцијално можат да се обезбедат и средства за кофинансирање на проекти. Примената на принципот на партнерство има особено значење кај европски поддржаните проекти. ЕУ особено инсистира на задолжителна примена на овој принцип. Голема придобивка од партнерствата е тоа што тие во проектот внесуваат разновидност и дополнителни ресурси, заради што како резултат се очекува поефикасно и поефективно влијание.

Истражувањето покажа дека кај локалните самоуправи доминира ситуацијата во која што најголем број општини имаат делумен капацитет за дизајн, управување, имплементирање и мониторинг на проекти финансирани од донатори. Сепак, искуствата на општините укажуваат дека овој капацитет може да биде значително унапреден преку зајакнување на образовниот, институционалниот и менаџерскиот капацитет.

Кандидатот констатира дека во општините и натаму се потребни обуки во речиси сите области на проектното работење. Оттука, како мерка за зајакнување на капацитетите на општините за користење на европските фондови, како што следува подредено според приоритет, кандидатот ги препорачува следните обуки:

- обуки за менаџмент на проектен циклус,
- обуки за стратешко планирање и програмирање,
- обуки за раководење со човечки ресурси,
- обуки за  мониторинг и евалуација,
- обуки за подготовка и спроведување на проекти финансирани од други ЕУ фондови,
- обуки за пристап до фондовите на ЕУ
- обуки за идентификување на партнери и развој на партнерства,
- обуки за подготовка и спроведување на ИПА проекти,
- обуки за буџетирање и
- обуки за подготовка на програмски и проектни извештаи.

Резултатите, кои што се добиени низ еден обемен процес на проценка на капацитите за искористување на европските фондови во Македонија, може да се се очекува да најдат широка примена кај државните институции и организациите од приватен и јавен карактер во земјата. Со оглед на тоа што корисниците на овие резултати и директно беа вклучени во процесот на проценка, со цел да се обезбеди нивна сопственост на самиот процес на проценка на капацитетите, сметаме дека препораките кои што произлегуваат од испитаните институции и организации ќе можат да најдат практична и широка примена во овие јавни институции.

Врз основа на внимателната анализа на докторскиот труд на кандидатот м-р Анета Шијакова, Комисијата ги дава следниве оценки:

- Кандидатот успешно одговори на целите и задачите што беа поставени во трудот. Појдовните тези во дисертацијата се успешно обработени, со што се добиваат детални знаења за темата, користената методологија и резултати од кои ќе ги спомениме најзначајните, а тоа се: креирање на нови сознанија за тоа како ефективно и ефикасно да се зајакне капацитетот за апсорпција на европските фондови, преку ефикасно  менаџирање со европски поддржаните проекти, што практично води го апсорбирање на поголем обем на средства од европските фондови.

- Докторскиот труд "Јакнење на капацитетот на Република Македонија за користење на кохезивните и структурните фондови на ЕУ и менаџирање на европски проекти" обработува исклучително важна проблематика што се однесува на управувањето со европските фондови во Република Македонија во насока на негово подобрување.
- Материјата во докторскиот труд е добро структуирана и кандидатот успеал да ги опфати и да ги анализира сите клучни аспекти на управувањето со европските фондови во земја во транзиција, како што е Република Македонија.
- Треба да се истакне фактот дека во трудот е застапен систематски приказ на факторите коишто го детерминираат апсорпцискиот капацитет на Република Македонија.
- Од особоно значење е што во истражувањето, докторантот користи современа стручна литература од странски автори што придонесе да се презентираат странските искуства во областа на користењето на структурните и кохезионите фондови и менаџментот на европски проекти.

Имајќи ги предвид претходно изнесените ставови, Комисијата е едногласна во оценката дека трудот претставува самостојно оригинално научно дело така што кандидатот м-р Анета Шијакова во докторската дисертација под наслов "Јакнење на капацитетот на Република Македонија за користење на кохезивните и структурните фондови на ЕУ и менаџирање на европски проекти" успешно одговори на целите што беа поставени во докторската дисертација. Сметаме дека трудот по својата содржина, оригиналноста на резултатите и по начинот на нивната презентација ги исполнува сите научни и стручни критериуми за една докторска дисертација.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии-Битола:

1. да го прифати овој Извештај со позитивна оценка на докторската дисертација,
2. на кандидатот м-р Анета Шијакова да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

**Датум:**

Битола, 21.08.2017

**Комисија за оценка на докторски труд:**

1. Д-р Виолета Пановска Бошкоска, Ред. проф. професор во пензија, ментор.

2. Д-р Драган Груески, Ред. проф. Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола.
3. Доц. д-р Мимоза Богданоска Јовановска, Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола.
4. Д-р Моника Марковска, Вонр. проф., Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола.
5. Доц. д-р Божидар Миленковски, Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

ФИКТ

Партизанска, бб (комплекс Касарни), 7000 Битола, Република МАКЕДОНИЈА, Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10


Бр. 02-282/15
30.05.2017 година
Битола

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" – БИТОЛА

| Примено: | 31.08.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | -4 | /99 | |

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование, член 59 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, како и на предлог на НС на втор циклус на студии на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички и комуникациски технологии - Битола, на седницата одржана на ден 30.05.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на насловот и темата**

1. Се прифаќа насловот и темата на магистерски труд: „ **Објавување на геореференцирани 3D објекти на WEB** ", од кандидатот **Душко Петревски**.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Д е к а н**
**Ред. проф. д-р Пече Митревски**

Подготвил/Проверил:

ДН-архива
-досие
-студент

До
Наставничкиот совет на
Високата медицинска школа
Битола

# РЕФЕРАТ

За избор на **НАСТАВНИК** од научно поле Лингвистика (6.04), научна област Германистика (64005) на Високата медицинска школа во Битола.

Наставничкиот совет на Високата медицинска школа во Битола, на својата редовна седница одржана на 30.06.2017 година, со одлука бр.08-403/4, донесе Решение за формирање Рецензентска комисија за изработка на Реферат за избор на наставник во научната област Германистика во состав:

1. **Проф. д-р Силвана Симоска, претседател**
2. **Проф. д-р Емилија Бојковска,член**
3. **Проф. д-р Емина Авдиќ, член**

## РЕЦЕНЗЕНТСКИ ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс објавен во весникот „Нова Македонија“ и „Коха“ од 20.06.2017 година за избор на наставник во научната област Германистика се пријави следниот кандидат:

1. **М-р Ана Савеска**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Ана Савеска е родена на 24.07.1987 година во Битола. Основното и средното образование го заврши во Битола. Средно образование заврши во СОУ „Таки Даскало“ во Битола, смер: природно-математички, со континуиран одличен успех. На додипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје се запиша во учебната 2006/2007 на насоката германски јазик и книжевност и истите ги заврши во 2010 година со просечен успех 9.52. Во текот на

студирањето добитник е и на две стипендии од германската организација за размена на студенти ДААД, и тоа во 2008 година стипендија за едномесечен летен курс по германски јазик во Келн, Република Германија и втората стипендија во учебната 2009/2010 година - семестрална стипендија т.е. еден семестар (седми), студии на Универзитетот во Констанц, Република Германија, на насоката германистика. По завршувањето на додипломските студии во 2010 година се запишува на постипломските студии, на насоката германски јазик - лингвистика, исто на Филолошкот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а испитите ги заврши со просечна оцена 10.00. Магистерските студии ги заврши со одбрана на магистерскиот труд со наслов: „Комплименти и возвраќања на комплименти во германскиот и во македонскиот јазик“.

Од странските јазици активно ги зборува англискиот и германскиот јазик.

**Досегашно работно искуство**

Од 2010 започна нејзиното работно искуство, како професор по германски јазик. Од 2010 до 2011 година работела во Германскиот јазичен центар - Deutsches Sprachenzentrum- во Скопје. Понатамошниот работен однос го продолжила од 01.09. 2011 како наставник по германски јазик во државното основно училиште „Ѓорѓи Сугарев“ во Битола и од 01.09.2015 работи и во општинското средно медицинско училиште „Д-р Јован Калаузи“ во Битола па до денес. Во меѓувреме е вклучена и во проект финансиран од ИПА – фондовите, а организиран од АВРМ, како обучувач по германски јазик.

## СТРУЧНА АКТИВНОСТ

Во текот на својата стручна и научна активност кандидатката м-р Ана Савеска, учествувала на повеќе конференции, семинари, обуки, јазични курсеви и работилници во земјата и странство, меѓу кои:

1. Едномесечен јазичен курс по германски јазик во Келн, Р. Германија, стипендиран и организиран од германската организација за академска размена ДААД; Келн, Р. Германија, 2008.
2. Едукативен семинар за развој на кариера, Организирана од AISEC – Скопје, Р. Македонија, 2010.
3. Обука и сертификат за учество во проектот „ComputingforTeachers“, организирана од ACM (American Corner Macedonia), Битола, Р. Македонија, 2014
4. Обука за „Емпириско истражување за германскиот јазик и стручна терминологија на германски јазик“ (Empirisches Forschen zu Berufs- und Fachsprachen Deutsch),

организирана и спроведена од: Универзитетот Минхен, LMUMünchen, Institut, Охрид, Р. Македонија, 2013.

5. Обука и работилница на тема: „Наставата по германски јазик во Македонија“, организиранаод Гете - институтот (GoetheInstitut), Битола, Р. Македонија, 2014.
6. Конференција и сертификат за учество на: 3 rd International scientific conference: “Knowledge – capital of the future“, организирана од Institute ofKnowledge Management, Скопје, во Банско, Р. Бугарија, 2014
7. Конференција: „First Educonference for teachers and IT experts”,организирана од Здружението за развивање и дигитализација на образованието и културното наследство-Пријатели на образованието, Скопје, во Струга, Р. Македонија, 2015.
8. Учество и објавен труд на четвртата Студентска лингвистичка конференција СтуЛиКон, организирана од Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, Р. Македонија, 2015.
9. Учество на семинар за професионална наобразба: „Fortbildungsveranstaltung zur DaF - Methodik und österreichischen Landeskunde“, организиран од министерството за образование и жени на република Австрија, во Штип, Р. Македонија, 2015.
10. Обука за имплементација на проектот: Socio – Emotional Skills for Better Educational Outcomes, организирана од Светска банка (The World Bank) и центарот за човекови права и разрешување на конфликти (CHRCR), во Битола, Р. Македонија, 2016.
11. Конференција: „Second Educonference for teachers and IT experts“, организирана од Здружението за развивање и дигитализација на образованието и културното наследство-Пријатели на образованието, Скопје; во Струга, Р. Македонија, 2016.
12. Работилница на тема: „Фотографиите како поттик за зборување и пишување во наставата по германски јазик“, организирана од Гете институт (GoetheInstitut), Скопје, Р. Македонија, 2016.
13. Сертификат за учество и реализирање на онлајн вебинар на тема: „Германски како странски јазик“ (DLL: DeutschalsfremdeSprache), стипендиран и организиран од Гете институт (GoetheInstitut), Скопје, Р. Македонија, 2016.
14. Работилница на тема: „Театарски игри во наставата по германски јазик“, организирана од Гете институт (Goethe Institut), Скопје, Р. Македонија, 2016.
15. Учество на семинар за професионална наобразба: „Fortbildungsveranstaltung zur DaF- Methodik und österreichischen Landeskunde“, организиран од министерството за образование на Република Австрија, во Битола, Р. Македонија, 2016.
16. Обука и сертификат за учество во проектот „Computing for Teachers vol.2“, организирана од ACM (American Corner Macedonia), Битола, Р. Македонија, 2017.
17. Семинар за едукација на наставници по германски јазик од странство со наслов: „Обновување на методиката/дидактиката во наставата по германски како странски јазик„ (Auffrischung Methodik/Didaktik im DaF - Unterricht), организирана од Гете институт (Goethe Institut, Göttingen, Deutschland), Гетинген, Р.Германија, 2017.

## НАУЧНА АКТИВНОСТ

Кандидатката ја одбранила магистерската тема„ Комплименти и возвраќање на комплименти во македонскиот и во германскиот јазик“ на студиската програма Лингвистика – германски јазик, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при што се здобила со звање Магистер по филолошки науки, лингвистика – германски јазик. Автор е и на научни трудови од областа на методиката, дидактиката и прагматиката со кои настапила на еду-конференции и лингвистички конференции.

## СПИСОК НА СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ ЗА РЕЦЕНЗИЈА

1. Савеска А, (2015). **Комплименти и возвраќања на комплименти во македонскиот и во германскиот јазик.** Збирка со апстракти од четвртата студентска лингвистичка конференција СтуЛиКон 2015, Скопје, Македонија, стр. 76

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ

Врз основа на анализата на доставената документација на кандидатката м-р Ана Савеска, Рецензентската комисија високо ги оценува нејзините резултати на сите полиња релевантни за избор во звање предавач на висока стручна школа.

Како заклучок од сето погоре изнесено и врз основа на критериумите за избор на наставник според Законот за високо образование и Правилникот за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставничкиот совет на Високата медицинска школа во Битола, кандидатката **М-р Ана Савеска** да биде избрана за наставник во научната област Германистика (64005), во звање **лектор на висока стручна школа.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Силвана Симоска, претседател

Проф. д-р Емилија Бојковска,член

Проф. д-р Емина Авдиќ, член

# Р Е Ф Е Р А Т

## за избор на наставник на Правен факултет - Кичево во наставно-научната област Меѓународно јавно право (50806)

Врз основа на член 64 став 3 алинеја 7, член 125, член 131 и член 132 од Законот за високо образование, член 223 став 1 од Статутот на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола, член 34, член 43, член 44 и член 45 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола, Наставно-научниот совет на Правниот факултет - Кичево при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ - Битола на седницата одржана на ден 23.06.2017 година, со Одлука бр. 02-314/3 од 23.06.2017 година формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања на Правен факултет - Кичево во наставно-научната област **Меѓународно јавно право** (50806) во состав:

1.Проф. д-р Владимир Ортаковски – претседател,

2.Проф. д-р Марија Миленковска – член

3.Проф. д-р Илија Тодоровски – член.

Членовите на Рецензентската комисија, заблагодарувајќи се на укажаната чест и доверба, а по разгледување на добиените материјали предвидени со условите во распишаниот конкурс, и врз основа на член 125, член 132 став 5 и став 6 и член 133 од Законот за високо образование, член 47, член 48, член 49 и член 50 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет – Кичево му го поднесуваат следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник во наставно-научната област **Меѓународно јавно право** (50806) објавен на ден 01.06.2017 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“, се пријави единствено кандидатката д-р Елена Темелковска-Аневска, доцент на Правниот факултет – Кичево.

### 1. Биографски податоци за кандидатот

Д-р Елена Темелковска-Аневска е родена на 23.05.1982 година во Битола. Основно и средно образование завршува во Битола, со одличен успех. Во 2000 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, каде дипломира во јули 2004 година како најдобар студент во генерацијата, со просечен успех 9,82 и се стекнува со стручен назив дипломиран правник. Во 2005 година се запишува на последипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан

Први“ во Скопје, на насоката „Меѓународно право и политика“. Последипломските студии ги завршува со просечен успех 9,71 и во 2007 година успешно ја одбрани магистерската теза и се стекна со научен степен магистер на правни науки, насока Меѓународно право. Во 2011 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје ја брани својата докторска дисертација и се стекнува со научен степен доктор на правни науки. За покажаниот успех во текот на студиите добива неколку награди и признанија, меѓу кои и наградата од Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје за најдобар студент во генерацијата 2000-2004 година, награда од Ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје за најдобар студент на Правниот факултет „Јустинијан Први“- Скопје и признание за најдобар постигнат успех во текот на студиите.

Д-р Елена Темелковска-Аневска активно се служи и има одлично познавање на англискиот и францускиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Елена Темелковска-Аневска е вработена на Правниот факултет – Кичево во академската 2008/2009 година како асистент, а во 2012 година била избрана за доцент на истоимениот факултет, каде што и моментално е вработена. Нејзиниот ангажман вклучува реализирање на настава на три циклуси на студии и тоа: на првиот циклус студии ги предава предметите „Меѓународно јавно право“ и „Меѓународно приватно право“; на вториот циклус студии била ангажирана по предметите „Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ“ и „Меѓународно право - применета програма“; а во рамки на третиот циклус студии била ангажирана по предметот „Меѓународно право (јавно и приватно)“.

Кандидатката д-р Елена Темелковска-Аневска наставно-образовната дејност ја извршува исклучително одговорно, професионално и со голема посветеност, негувајќи принципиелен, објективен и коректен однос кон студентите, за што говори и позитивната просечна оценка од самоевалуацијата, која изнесува 3.65, добиена за академската 2015/2016 година.

Во рамки на нејзиниот ангажман во наставно-образовниот процес, кандидатката се јавува и како ментор на дипломски трудови и член во комисии за одбрана и оценка на дипломски и магистерски трудови на Правниот факултет - Кичево и дисперзираните студии во Битола и Струга.

## 3. Научно-истражувачка дејност

Покрај во наставно-образовната дејност, д-р Елена Темелковска-Аневска активно е вклучена и во научно-истражувачката дејност, преку учество на голем број домашни и меѓународни конференции, форуми и школи, на кои презентира свои научни трудови од научните области кои спаѓаат во нејзината потесна област на истражување. Во рамки на својот научен ангажман, д-р Елена Темелковска-Аневска објавила научни трудови во индексирани меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации, со кои се

потврдува нејзиното владеење со проблематиката во областа во која се избира. Кандидатката се јавува како автор и ко-автор на следните научни трудови:

1. **Elena Temelkovska-Anevska**, *The relationship between NATO and Russia through the prism of mutual cooperation and confrontation.* European Scientific Journal, May 2017, Vol.13 No.13. DOI: 10.19044/esj.2017.v13n13p153 ISSN: 1857-7881 (print), e-ISSN: 1857-7431

**Indexed in:** EBSCO, ProQuest, Index Copernicus, Google Scholar, Open J Gate, Ulrich's, Mendeley, etc.

2. **Elena Temelkovska-Anevska**, *Peaceful means for settlement of inter-state disputes: reflections, advantages and disadvantages.* International E-Journal of Advances in Social Sciences, IJASOS, April 2017, Vol.3, issue 7. e-ISSN: 2411-183X. Меѓународен уредувачки одбор од 7 земји.

**Indexed in:** Index Copernicus, Google Scholar, OpenAIRE, ResearchBib Academic Resource Index**.**

3. **Elena Temelkovska-Anevska**, *Peaceful means for settlement of inter-state disputes: reflections, advantages and disadvantages.* Proceedings of INTCESS 2017 4th International Conference on Education and Social Sciences, 6-8 February 2017, Istanbul, Turkey. ISBN: 978-605-64453-9-2. Меѓународен програмски комитет од 25 земји.

Proceedings of INTCESS are **indexed in Thomson Reuters Conference Proceedings Citation Index.**

4. **Elena Temelkovska-Anevska**, *Populism as a phenomenon and its influence on democracy and constitutionalism.* Списание на научни трудови (Право и политикологија), 8-ма Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад", Април 2017, Година IV, Бр. 2, Меѓународен центар за славјанска просвета. DOI: 323.2:321.7. Меѓународен уредувачки одбор од 5 земји.

5. Anevski D, Poposka K., **Temelkovska-Anevska E.,** *Financial institutions as an intermediary between international lenders and banks: case study Macedonian Bank for Development Promotion.* Economic Development, Journal of the Institute of Economics-Skopje, Year 19, No. 1-2/2017, Institute of Economics-Skopje, University "Ss. Cyril and Methodius" – Skopje UDC 336.71 (497.7). ISSN: 1857-7741 (online) UDC – 338. Меѓународен уредувачки одбор од 7 земји.

**Indexed in:** EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt am Main, Germany), etc.

6. Аневски, Д., **Темелковска-Аневска Е**., *Карактеристики на позначајните финансиски системи на земјите-членки на Европската унија*. Списание на научни трудови (Економија, безбедносно инженерство, архитектура и дизајн, информатика, екологија), 8-ма Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-

Запад“, Април 2017, Година IV, Бр. 1, Меѓународен центар за славјанска просвета. DOI: 336.71/.73 (4-672ЕУ). Меѓународен уредувачки одбор од 5 земји.

7. Anevski D, **Temelkovska-Anevska E.,** *Credit institutions and legal framework important for development of small and medium sized enterprises in Russia.* International Research Journal, Vol.57, No.3, March 2017. ISSN: 2303-9868 (print), ISSN: 2227-6017 (online). DOI: 10.23670/IRJ.2017.57.031

**Indexed in:** Google Scholar, Cambridge University Library, Vera (MIT University Libraries), Southern Cross University, BASE (Bielefeld, Germany), HEAL-Link, HAC, RSCI, RADS, OCLC WorldCat, Albertson Center for learning Resources (University of Wisconsin-Stevens Point),Mathewson-IGT Knowledge Center (University of Nevada, Reno), etc.

8. Anevski D, **Temelkovska-Anevska E.,** *International regulatory changes in financial systems as a factor of stability.* The European Journal of Applied Economics, Vol.14, no.1, 2017, Singidunum University, Belgrade, Serbia. Published by: De Gruyter. ISSN: 2406-2588 (printed version). ISSN: 2406-3215 (electronic version). DOI: 10.5937/EJAE14-13167. Меѓународен уредувачки одбор од 13 земји.

**Indexed in:** EBSCO Academic Search, EBSCO Discovery Service, J-Gate, Google Scholar, CABI-CAB Abstracts, Celdes, CNKI Scholar, CNPIEC, Naviga (Softweco), Primo Central (ExLibris), TDOne (TDNet), WorldCat (OCLC), Serbian citation index, etc.

9. **Elena Temelkovska-Anevska***, Globalization and its impact on international politics, nation-state and state sovereignty.* International Scientific Journal “Horizons”, (Series A - Social Sciences and Humanities), University “St.Kliment Ohridski” – Bitola, Vol.16, Year X, September 2014. DOI: 327.342.22)-027.511. Меѓународен уредувачки одбор од 7 земји.
10. **Elena Temelkovska-Anevska***, The perspectives of universal and regional systems for protection of human rights.* Proceedings of the International Scientific Conference “Macedonia and the Balkans: A hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic integration”, Panel: Democracy, rule of law and human rights> their promotion and forms of protection, Volume II, 3-5 June 2014, Ohrid, Macedonia.

Меѓународен програмски комитет од 9 земји.

11. **Elena Temelkovska-Anevska***, The correlation between the Arab Spring and Islam and the implications of the Arab Spring on the European Union foreign policy.* Proceedings of the International Scientific Conference “The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic Integration” Panel: Security dilemmas and geopolitical trends in international relations with particular reference to Middle East, Eastern Europe and Western Asia, Volume I, 5-8 June 2013, Ohrid, Macedonia. Меѓународен програмски комитет од 11 земји.

12. **Елена Темелковска-Аневска**, *Португалија и Шпанија – од изолација до европска интеграција.* Меѓународно научно списание „Хоризонти II“, година VII, број 7, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, 2011 .

13. **Елена Темелковска-Аневска**, *Турција во ЕУ – невозможна желба или реална потреба*. Годишник на Правен факултет - Кичево, 2011.

14. **Elena Temelkovska-Anevska***, EU enlargement and social standards.* International Conference of Young Scientists – ICYS, Union of Scientists in Bulgaria, Scientific Research of the Union of Scientists, Series B, Natural Science and Humanities, vol. XIII, Plovdiv, Bulgaria, 2011. Меѓународен програмски комитет од 5 земји.

15. **Темелковска Елена**, *Европеизација на меѓународното право*. Меѓународно научно списание „Хоризонти", година VI, број 6, Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола, 2010.

16.**Темелковска Елена**, *Република Македонија – во Европа или во Западен Балкан*. Меѓународно научно списание „Хоризонти", година V, број 5, Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола, 2009.

17. **Elena Temelkovska** *, The social dimension of the Environmental Policy with an emphasis on the sustainable development.* International Conference of Young Scientists – ICYS, Union of Scientists in Bulgaria, Scientific Research of the Union of Scientists, Series B, Natural Science and Humanities, vol. XII, Plovdiv, Bulgaria, 2009. Меѓународен програмски комитет од 5 земји.

Во последните пет години д-р Елена Темелковска-Аневска остварила студиски престој во странство и зела учество на следните меѓународни научни конференции, форуми и школи:

2012-2013 г. Школа за јавни политики „Мајка Тереза", во организација на Центарот за истражување и креирање политики - Скопје, поддржана од Советот на Европа. Во ноември 2013 година, како алумни на Школите за политички студии на Советот на Европа, реализирала студиски престој во Советот на Европа, во Стразбур, Р.Франција

2013 International Conference: "From Schuman Declaration to Lisbon Treaty: What Political Finality for the European Union?", 25-26 April 2013, Oradea, Romania

2013 RRPP Annual Conference 2013 "Social, political and economic change in the Western Balkans", 23-26 May 2013, Belgrade, Serbia

2013 International Scientific Conference: "The Balkans between Past and Future: Security, Conflict Resolution and Euro-Atlantic integration", Panel: Security

| | |
|---|---|
| | dilemmas and geopolitical trends in international relations with particular reference to Middle East, Eastern Europe and Western Asia, 5-8 June 2013, Ohrid, Macedonia |
| 2013 | Belgrade Security Forum “Transformation of state and professional practices in international security”, 19-21 September 2013, Belgrade, Serbia |
| 2013 | 2nd World Forum for Democracy of the Council of Europe (Светски форум за демократија на Советот на Европа), организиран од Советот на Европа, 23-29 ноември 2013 година, Стразбур, Р.Франција |
| 2014 | International Scientific Conference: “Macedonia and the Balkans: A hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic integration”, Panel: Democracy, rule of law and human rights: their promotion and forms of protection, 3-5 June 2014, Ohrid, Macedonia |
| 2015 | 7th Central and Eastern European Forum for young legal, political and social theorists, 27-28 March 2015, Sofia, Bulgaria |
| 2016 | International Conference “Political mobilization of ethnic minorities and anti-minority discourse in the European crisis of multiculturalism”, 15-17 September 2016, Cluj-Napoca, Romania |
| 2017 | 4th International Conference on Education and Social Sciences INTCESS, organized by OCERINT (International Organization Center of Academic Research), 6-8 February 2017, Istanbul, Turkey |
| 2017 | 8th International Scientific Conference: International Dialogue: East-West”, 28-29 April 2017, International Slavic University “G.R. Derzhavin”, Macedonia |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на поднесената пријава и целокупната доставена документација по распишаниот конкурс, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и оценува целокупната наставно-образовна и научно-истражувачка дејност на д-р Елена Темелковска-Аневска.

Согласно изнесените податоци за севкупните активности на д-р Елена Темелковска-Аневска, Комисијата констатира дека станува збор за исклучително солидна кандидатка со високи професионални компетенции, која постојано се усовршува и надоградува, започнувајќи уште од додипломските и последипломските студии на кои остварила исклучително висок просечен успех, па сè до денес, за што говори и бројот на објавени научни трудови во престижни индексирани меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации, како и учеството на меѓународни научни конференции

во земјата и странство. Во прилог на тоа го истакнуваме и нејзиното повеќегодишно наставно-образовно искуство, како асистент и доцент на Правниот факултет – Кичево, нејзиниот ангажман во наставно-образовниот процес на прв, втор и трет циклус студии, достигнувањата во примена на научно-истражувачките резултати, покажаната способност за изведување на разни видови високообразовна дејност, позитивната оценка од самоевалуацијата, како и нејзиното искуство и придонес во оспособување на помлад кадар за вршење на наставно-образовна и научно-истражувачка дејност.

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Елена Темелковска-Аневска поседува академски капацитет, научни и стручни квалитети и според Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола и општите акти на Правниот факултет - Кичево, ги исполнува сите услови и критериуми да биде избрана во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР во научната област Меѓународно јавно право (50806).

Според гореизнесеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет - Кичево да го прифати овој извештај и да ја избере д-р Елена Темелковска-Аневска во звањето ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР во научната област Меѓународно јавно право (50806).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Владимир Ортаковски- претседател, с.р.

2. Проф. д-р Марија Миленковска – член, с.р.

3. Проф. д-р Илија Тодоровски – член, с.р.

# **РЕЦЕНЗИЈА**

## ЗА РАКОПИСОТ "ОСНОВНИ ПРЕСМЕТКИ ВО АНАЛИЗАТА И ПРОЕКТИРАЊЕТО ВО ХЕМИСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО" ОД АВТОРИТЕ Д-Р. АНКА ТРАЈКОВСКА-ПЕТКОСКА, Д-Р. АНИТА ТРАЈКОВСКА –BROACH, И Д-Р. ВЕРКА МЕШКО

Врз основа на решението на Деканатската управа на Технолошко-техничкиот факултет во Велес, при универзитетот " Св. Климент Охридски" од 27.04.2017 год. за избор на рецензенти за ракописот "ОСНОВНИ ПРЕСМЕТКИ ВО АНАЛИЗАТА И ПРОЕКТИРАЊЕТО ВО ХЕМИСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО" од авторите вон. проф. д-р Анка Трајковска-Петкоска, д-р Анита Трајковска–Broach и проф. д-р Верка Мешко, а по прегледот на истиот, го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот "ОСНОВНИ ПРЕСМЕТКИ ВО АНАЛИЗАТА И ПРОЕКТИРАЊЕТО ВО ХЕМИСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО" претставува збирка на решени и нерешени задачи, како и кратки тест прашања и е наменет за студентите од Технолошко-техничкиот факултет во Велес, при универзитетот "Св. Климент Охридски", но и за студентите од технолошките насоки на другите универзитети во Република Македонија.

Оваа збирка на задачи парцијално ја покрива програмата на предметите Технолошки операции I, Технолошки операции II, Основи на инженерска техника, Процесна опрема во прехрамбената индустрија, кои се изучуваат во рамките na студиската програма Прехрамбена технологија и биотехнологија, како и за предметот Основи на технолошките операции во рамките на студиската програма Нутриционизам, и како таква првенствено им е наменета на студентите од овие две студиски програми на Технолошко-техничкиот факултет во Велес.

Целокупниот материјал од оваа збирка е сметстен на 450 страни и е поделен на 7 поглавја:

1. Димензии, единици и конверзии
2. Својства на флуиди
3. Основи на материјални и енергетски биланси
4. Димензиона анализа
5. Механика на флуиди
6. Пренос на топлина
7. Пренос на маса

Секое поглавје е составено од неколку дела: краток воведен теоретски дел кој содржи доволен број на информации потребни за објаснување и решавање на задачите во делот решени задачи, потоа дел со нерешени задачи (со даден одговор) и дел со кратки квиз прашања. На крајот од секое поглавје е дадена листа на цитирана литература користена во тоа поглавје.

Некои од решените задачи се едноставни со цел студентот да се стекне со основните познавања од областа која е презентирана во секое поглавје, додека со други решени примери се проширува знаењето на студентот, а истовремено го насочува како да ги користи основните принципи за да реши нови н непознати проблеми и ситуации.

Во првото поглавје се дадени димензиите и единиците како и конверзиите меѓу единиците во Интернационлниот систем на единици, но и конверзиите меѓу различни мерни системи на единици.

Својствата на флуидите како и придружните решени и нерешени задачи ја сочинуваат содржината на второто поглавје од оваа збирка на задачи.

Материјалните и енергетски биланси како многу важен дел од процесната индустрија се дел од третото поглавје. По краткиот теоретски дел следат голем број на решени задачи преку кои студентот се запознава со една релативно нова постапка за решавање на материјалните и енергетски биланси особено кога се во прашање сложени процесни шеми, а тоа е постапката на определување на бројот на степените на слобода. Определувањето на степените на слобода на секоја единица во процесната шема на целиот процес, ја дефинира и постапката на сукцесивно решавање на материјалните и енергетските биланси на секоја единица поединечно.

Предмет на четвртата глава е димензионата анализа во која во теоретскиот дел се претставени Rayleigh-овиот и Buckingham-овиот метод. Презентирани се геометриската, кинематската и динамичката сличност. Решените и нерешените задачи, како и кратките тест прашања од оваа област, се исто така дел од четвртото поглавје.

Во петото поглавје, со наслов “Механика на флуиди”, во теоретскиот дел даден е краток преглед на статиката и динамиката на флуидите, како и струењето околу цврсто тело и струењето низ порозни средини. Решените и нерешените задачи дадени во поглавјето четири помагаат подобро да се совлада знаењето за феномените на преносот при мирување и движење на флуидите.

Шестото поглавје е резервирано за задачи од областа на преносот на топлина. Најнапред е даден краток теоретски дел во кој се презентирани равенките на топлинските биланси и други равенки и изрази како и табели со податоци кои подоцна се користат при поставувањето и решавањето на решените примери, но исто така тие можат да се користат при поставувањето и решавањето на нерешените задачи.

Седмото поглавје ги опфаќа повеќето технолошки операции во кои се одвива преносот на маса како што се: дестилацијата, апсорпцијата, екстракцијата, атсорпцијата,

сушењето и кристализацијата. Како и во останатите поглавја, така и седмото поглавје се состои од краток теоретски дел во кои се дадени равенките на масените биланси и други равенки, табели и графици кои понатаму служат за решавање на задачите било да се тоа решените примери или нерешените задачи. Во последниот дел од поглавјето се дадени кратките квиз прашања.

За одбележување е фактот дека пред секое поглавје дадени се накратко резултатите од учењето, односно што се очекува студентот да знае и умее по совладувањето на материјалот од секое поединечно поглавје. Нерешените задачи со одговори заедно со квиз прашањата се особено корисни форми за самопроверка на студентот во врска со степенот на совладаност на содржината на оваа збирка.

Сите забелешки, кои воглавно беа од формална природа, авторите ги прифатија и извршија корекции на ракописот, така што истите не се презентирани во оваа рецензија.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот "ОСНОВНИ ПРЕСМЕТКИ ВО АНАЛИЗАТА И ПРОЕКТИРАЊЕТО ВО ХЕМИСКОТО ИНЖЕНЕРСТВО", парцијално ги покрива дисциплините: Технолошки операции I, Технолошки операции II, Основи на инженерска техника, Процесна опрема во прехрамбената индустрија и Основи на технолошките операции од студиските програми Прехрамбена технологија и биотехнологија и Нутриционизам, кои се изучуваат на Технолошко-техничкиот факултет во Велес. Текстот е јасен и концизно напишан, илустриран е со многу слики и графици и табели. Ова ќе им овозможи на студентите лесно да ги разберат начините на решавање на задачите, а потоа да направат самопроверка на стекнатото знаење преку решавање на нерешените задачи и квиз прашањата. Од тие причини го поздравуваме издавањето на овој ракопис кој е прв од таков вид во нашта земја. Препорачуваме да се печати како постојан учебник.

Скопје, 21.07.2017

Рецензенти:

Д-р Филимена Попоска, ред.проф. во пензија

Д-р Ристо Филкоски, ред. професор

## РЕЦЕНЗИЈА

ЗА РАКОПИСОТ "ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОПШТА ХЕМИЈА" ОД АВТОРИТЕ Д-Р. ГОРИЦА ПАВЛОВСКА И М-Р ВЕЗИРКА ЈАНКУЛОСКА

Врз основа на решението на Деканатската управа на Технолошко-техничкиот Факултет во Велес, при универзитетот " Св. Климент Охридски" од 05.07.2017 год. за избор на рецензенти за учебното помагало "ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОПШТА ХЕМИЈА" од авторите вонр. проф. д-р Горица Павловска и асс. м-р Везирка Јанкулоска, избрани се рецензентите проф. д-р Момчула Јорданоски редовен професор во пензија на Ветеринарен Факултет – Битола и професор д-р Валентина Павлова, вонреден професор на Технолошко технички Факултет, Велес. Рецензентската комисија го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

Учебното помагало "ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОПШТА ХЕМИЈА" претставува збирка на решени и нерешени задачи, наменето за студентите од Технолошко-техничкиот факултет во Велес, при универзитетот "Св. Климент Охридски", но и за студентите од сродните факултети кои ја изучуваат општата хемија на другите универзитети во Република Македонија.

Оваа збирка на задачи е во согласност со наставната прогрома на предметот Опта хемија, кој се изучува во рамките на студиските програми Прехранбена технологија и биотехнологија и студиската програма Нутриционизам и затоа првенствено е наменета за студентите од овие две студиски програми на Технолошко-техничкиот факултет во Велес.

Целокупниот материјал од оваа збирка е поделен на 12 поглавја:

1. Интернационален систем на единици (SI)
2. Релативна атомска и релативна молекулска маса
3. Количество супстанца
4. Масен и молски удел
5. Хемиски формули и хемиски равенки
6. Гасни закони
7. Оксидо-редукциски равенки
8. Термохемија
9. Раствори
10. Степен на електролитна дисоцијација
11. Концентрација на водородни јони, водороден показател pH

12. Производ на растворливост, Ksp

Секое поглавје е составено од неколку дела: краток воведен теоретски дел во кој се дадени информации за објаснување и решавање на задачите, потоа има решени задачи во кои е објаснет секој чекор и на крај се нерешени задачи со дадени одговори.

Некои од решените задачи се едноставни со цел студентот да се стекне со основните познавања од областа која е презентирана во секое поглавје, но има и задачи со кои се проширува знаењето на студентот и се насочува за решавање на нови и непознати проблеми и ситуации.

Во првото поглавје се дадени основните и изведени едници во Интернационалниот систем на единици, нивните префикси и факорите на конверзија од други едници во SI единици.

Задачите за релативна атомска и релативна молекулска маса се наоѓаат во второто поглавје и тие се најмалубројни и едни од наједноставните задачи за решавање.

Количство на супстанца е третото поглавје од оваа збирка на задачи. Овде се дефинирани величините мол, авогадрова константа, моларна маса, моларен волумен и има голем број на решени и нерешени задачи со овие величини.

Во четвртото поглавје се објаснети поимите масен и молски удел и дадени голем број на решени и нерешени задачи од оваа област. Масениот удел помножен со 100 го дава процентот на застапеност на секој елемент во соединението. Молскиот удел е потребен за одредување на хемиската формула на непознато соединение во која се знае процентот на застапеност на елементите.

Петтото поглавје за Хемиски формули и хемиски равенки е најголемото поглавје во ова училишно помагало. Овде во посебни делови преку многубројни задачи е објаснето како се определува хемиската формула, како се пресметува врз основа на хемиската формула и како се пресметува врз основа на хемиска равенка. Од овие задачи може да се пресмета количеството на продуктите ако го знаеме количеството на реактантите, или колкаво количество на реактанти се потребни за да се добие одредено количество на продукти.

Гасните закони го сочинуваат шестото поглавје. Дадени се задачи во кои се користат Клапејроновата равенка, Бојл-Мариотовиот, Геј-Лисаковиот и Шарловиот закон.

Седмото поглавје е резервирано за оксидо-редукциските равенки. Објаснето е што е оксидација, што редукција, што оксиданс, а што редуктор. Дадени се голем број примери за израмнување на равенки. За да се изврши пресметка врз основа на хемиска равенка, што беше објаснето во петтото поглавје, потребно е најпрво равенката да биде израмнета.

Во осмото поглавје се дадени задачи од термохемија. Врз основа на овие задачи може да се пресмета колкава енергија е потребно за да се изврши некоја реакција и колкава енергија се ослободува при одредена реакција.

Задачите од раствори се сместени во деветото поглавје. Ова поглавје е составено од 5 дела: количествена концентрација, масена концентрација, процентна концентрација, разредување на раствори и молалност. Во него има задачи за приготвување на раствори изразени во сите наведени концентрации.

Степен на електролитна дисоцијација е десетото поглавје. Тој претставува однос на дисоцираните и вкупните молекули. Од него може да се определи колкава е концентрацијата на јоните во растворот.

Во единаесетото поглавје се дадени задачи за концентрација на водородни јони, водороден показател pH. Со определување на pH може да се утврди дали дали средината е кисела, базна или неутрална.

Во последното дванаесето поглавје се наоѓаат задачи од производ на растворливост, Ksp. Знаејќи го производот на растворливост може да се пресмета во која концентрација треба да се реактантите за да се формира или раствори талогот.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот "ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОПШТА ХЕМИЈА" е наменет како учебно помагало по предметот Општа хемија кој се изучува во првиот циклус на студиските програми "Прехранбена технологија и биотехнологија" и "Нутриционизам" на Технолошко-технички Факултет во Велес. Составен е од 12 поглавја кои се во согласнот со наставната програма по предметот Општа хемија. Напишан е на јасен и концизен начин за да можат студентите да ги разберат начините на решавање на задачите, а потоа и сами да ги решат нерешените задачи.

Затоа ни претставува чест и задоволство ракописот "ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО ОПШТА ХЕМИЈА" од авторите д-р Горица Павловска и м-р Везирка Јанкулоска да се објави и биде користен како универзитетско учебно помагало на Технолошко-техничкиот Факултет во Велес.

Скопје, 24.08.2017

Рецензенти:

Д-р Момчула Јорданоски, ред. проф. во пензија
Ветеринарен Факултет, Битола
Универзитет "Св. Климент Охридски" Битола

Д-р Валентина Павлова, вонр. проф.
Технолошко-технички Факултет, Велес
Универзитет "Св. Климент Охридски" Битола

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА РАКОПИСОТ “ПРАКТИКУМ ПО ОПШТА ХЕМИЈА” ОД АВТОРИТЕ Д-Р. ГОРИЦА ПАВЛОВСКА И М-Р ВЕЗИРКА ЈАНКУЛОСКА

Врз основа на решението на Деканатската управа на Технолошко-техничкиот Факултет во Велес, при универзитетот “ Св. Климент Охридски” од 05.07.2017 год. за избор на рецензенти за учебното помагало “ПРАКТИКУМ ПО ОПШТА ХЕМИЈА” од авторите вонр. проф. д-р Горица Павловска и асс. м-р Везирка Јанкулоска, избрани се рецензентите проф. д-р Момчула Јорданоски редовен професор во пензија на Ветеринарен Факултет – Битола и професор д-р Валентина Павлова, вонреден професор на Технолошко технички Факултет, Велес. Рецензентската комисија го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот “ПРАКТИКУМ ПО ОПШТА ХЕМИЈА” претставува учебно помагало, наменето за студентите од Технолошко-техничкиот факултет во Велес, при универзитетот “Св. Климент Охридски”, но и за студентите од сродните факултети кои ја изучуваат општата хемија на другите универзитети во Република Македонија.

Практикумот е наменет за изведување на лабораториски вежби по предметот Општа хемија и е во согласност со наставната прогрома на овој предмет, кој се изучува во првиот циклус студии во студиските програми “Прехранбена технологија и биотехнологија” и “Нутриционизам” на Технолошко-техничкиот факултет во Велес. Затоа овој практикум првенствено е наменет за студентите од овие две студиски програми на Технолошко-техничкиот факултет во Велес во првиот циклус на студии.

Практиукумот содржи 10 вежби:

1. Лабораториски прибор
2. Основни физичко-хемиски операции
3. Добивање на неметали
4. Термохемија
5. Хемиски соединенија
6. pH на раствор и индикатори
7. Хемиски реакции
8. Електролити
9. Хемиска кинетика
10. Раствори

Секоја вежба започнува со краток теоретски дел во кој се дадени информации за областа од која што е вежбата. Секоја вежба има повеќе експерименти. За секој експеримент е дадена постапка, експериментални резултати и коментари. Вежбите се прилагодени на условите во хемиската лаобораторија на Технолошко-техничкиот факултет во Велес.

Во првата вежба е објаснет лабораторискиот прибор (стаклен, порцелански и метален) и дадени се слики од лабораториски прибор под кои студентите треба да го именуваат приборот.

Во втората вежба основни физичко-хемиски операции, опишани се процесите на декантација, филтрација, сублимација, кристализација и дестилација. За секоја од нив има постапка, експериментални резултати и коментари. Тоа значи дека втората вежба има 5 експеримента.

Третата вежба добивање на неметали има вкупно 3 експеримента: добивање на пластичен сулфур, добивање на јод и добивање на кислород. За секој експеримент има постапка и експериментални резултати и коментари што треба да ги добијат студентите. Вежбата е многу интересна, поради различната агрегатна состојба и бојата на добиените неметали.

Вежба број 4 е термохемија и таа има вкупно 3 експеримента. Се мери температурата на водата и температурата на растворите добиени со растворање на $NaOH$, $NH_4Cl$ и $H_2SO_4$ во вода, по што се утврдува дали овие реакции се егзотермни или ендотермни.

Петата вежба е за хемиски соединенија и таа има дури 5 експерименти. Дадени се постапки за добивање на $CuSO_4$, $AgI$, $HCl$, хидроксиди на Mg, Cu, Zn и Fe. Многу сликовита вежба со разни бои на соединенијата.

pH на раствори и индикатори е шестата вежба која содржи 4 експеримента. Користени се вештачки и природни индикатори. Природните индикатори како што се сок од црвена зелка, сок од цвекло и сок од лимон сигурно предизвикуваат голем интерес кај студентите.

Седмата вежба хемиски реакции е вежба со најголем број на експерименти 9. Дадени се постапки за реакции на: разложување, двојна измена, неутрализација, оксидација, редукција, таложење, растворање и амфотерност. За секој експеримент студентите ги внесуваат резултатите и коментарите.

Осмата вежба електролити има 4 експеримента. Се определува електроспроводливоста на повеке раствори, а потоа се определува зависноста на спроводливоста од видот на јоните и нивната концентрација.

Хемиска кинетика е девета вежба со вкупно 5 експерименти. Се определува зависноста на брзината на реакцијата од концентрацијата, температурата и катализаторот. Освен вештачки катализатори, употребени се квасец и морков како природни катализтори.

Десета вежба е приготвување на раствори. Содржи вкупно 5 експерименти во кои се зададени прашања, а студентите треба да приготват раствори со различна моларна концентрација, масена концентрација, процентна концентрација и разредување на раствори.

## З А К Л У Ч О К

“ПРАКТИКУМ ПО ОПШТА ХЕМИЈА” е учебно помагало наменето за студентите од прв циклус на студиските програми “Прехранбена технологија и биотехнологија” и “Нутриционизам” на Технолошко-технички Факултет во Велес. Тој е потребен за изведување на лабораториски вежби по предметот Општа хемија и е во согласност со наставната програма од овој предмет.

Содржи 10 вежби, а секоја вежба има по неколку експерименти. Експериментите се кратки, едноставни и интересни, со што се зголемува интересот за учење на предметот Општа хемија. Секој експеримент има мал теоретски дел, постапка, експериментални резултати и коментари.

Затоа ни претставува чест и задоволство ракописот “ПРАКТИКУМ ПО ОПШТА ХЕМИЈА” од авторите д-р Горица Павловска и м-р Везирка Јанкулоска да се објави и биде користен како универзитетско учебно помагало на Технолошко-техничкиот Факултет во Велес.

Скопје, 24.08.2017

Рецензенти:

Д-р Момчула Јорданоски, ред. проф. во пензија
Ветеринарен Факултет, Битола
Универзитет “Св. Климент Охридски” Битола

Д-р Валентина Павлова, вонр. проф.
Технолошко-технички Факултет, Велес
Универзитет “Св. Климент Охридски” Битола

Бр. 02-589/7
05-07-2017 год.
Велес

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„ БИТОЛА**

**ТЕХНОЛОШКО - ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ВЕЛЕС**

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование и член 58 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес, на седницата одржана на ден 05.07.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај за оценка на подобноста на темата за изработка на магистерски труд**

1.Се усвојува Извештајот од Комисијата во состав:1.Доц.д-р Даниела Николовска Неделкоска – претседател, 2.Ред.проф.д-р Драган Дамјановски – член и 3.Доц.д-р Татјана Калевска – член, за оценка на подобноста на темата за изработка на магистерски труд под наслов „Анализа на винарскиот сектор во Република Македонија од аспект на системите за квалитет и безбедност; актуелна состојба, перспективи и предизвици", од кандидатот Билјана Ристеска.

2.Се прифаќа насловот на темата за изработка на магистерски труд **„Анализа на винарскиот сектор во Република Македонија од аспект на системите за квалитет и безбедност; актуелна состојба, перспективи и предизвици"**, од кандидатот Билјана Ристеска.

3.Одлуката за прифаќање на насловот на темата за изработка на магистерски труд да се објави во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Технолошко-технички факултет Велес**
**Д е к а н**
**Вонр.проф.д-р Валентина Павлова**